Со донесувањето на ОУП (Основен урбанистички план) на град Штип 1984 година изработен од страна на Институтот за просторно планирање Охрид и Мегапроект –

Штип, се зацртаа правците на идниот просторен развој на градот, се согледаа најповолните решенија за негова организација, оптималното користење на условите кои го нудат природните погодности, создадените вредности и реалните материјални и други можности на градот. ОУП стана документ за долгорочниот развој и просторната организација на градот со поделба на основните зони за живеење, работа, одмор и рекреација и среднорочниот развој на градот со детални дефиниции на намената и начинот на користење на земјиштето, систем на станбена изградба, густина на живеење, услуги и јавни функции, систем на сообраќајници и сообраќај во мирување, јавни зелени површини за спорт и рекреација, како и зони за работа и развој на индустриските и стопански капацитети. Планскиот опфат на овој ГУП беше 2180 хектари.

Наредниот ГУП на град Штип е донесен со Одлука бр. 08-1142/1 од 29 декември 1999 година. ГУП е изработен од страна на Јавното претпријатие за урбанизам – Штип со плански период 1999 - 2010 година и претставува сè уште актуелен ГУП на град Штип. Површината на планскиот опфат изнесува 2039 хектари и користени се податоци од пописот 1994 година. Површината на овој ГУП е помала за 141 ха. Оваа промена произлегува од елиминирањето на локацијата на запад наменета за тешка индустрија на просторот на Калимерово од околу 140 ха и заштитно зеленило на истиот простор од околу 37ха, а зголемување на опфатот со 36 ха на исток на просторот на станбената населба Св. Недела.

Во периодот од 2000 до денес изработени следните Измени и дополнувања на ГУП - Штип.

Измена и дополнување на ГУП 2010 - ШТИП дел од УЕ 46 донесен со Одлука 0701-309/1 од 19.03.2002 година

Измена и дополнување на ГУП 2010 - ШТИП Измена и дополнување на стари бунари - Туртел донесен со Одлука 0701-1400/1 од 25.09.2003 година

Измена и дополнување на ГУП 2010 - ШТИП делови од УЕ 14,35, и 73 донесен со Одлука 0701-719/1 од 10.06.2005 година

Измена и дополнување на ГУП 2010 - ШТИП (Просторна разместеност на бензински станици) донесен со Одлука 0701-3581/1 од 24.11.2006 година

Измена и дополнување на ГУП 2010 - ШТИП делови од УЕ 58 и 59 донесен со Одлука 0701-1986/1 од 20.06.2007 година

Измена и дополнување на ГУП 2010 - ШТИП делови од УЕ 47,16, 17 и 53 донесен со Одлука 0701-2108/1 од 02.07.2007 година

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

3.1 ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Градот Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и во близина на главните и поголемите сообраќајни артерии во

Републиката и на Балканот. Рељефно поширокиот простор претставува мозаик, орографски доста разигран. Кон север терените се широко отворени по долината на реката Брегалница која е диференцирана од Овче Поле со ридовите Ежово Брдо и Шаренковац, а поврзан со Ежово Поле. Низводно од Штип е ридчест простор во кој се издвојува долината на реката Брегалница и Криволакавичката котлина кон југоисток. Меѓу неа и Вардарската долина како бариера се јавува Серта и Конечка планина, додека на североисток се издигаат огранците на планината Плачковица како највисока во општината и околниот простор.

Рељефната структура ја детерминира и поволноста на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени по природно погодните простори (котлини, полиња и долини).

Преку Штип поминуваат патни насоки кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија, за што особено погодува отвореноста на Овче Поле.

Природните погодни коридори за комуницирање се правците Овче Поле - Кочанско Поле - Делчевско Поле на исток и Овче поле - Криволакавичка котлина - Радовишко Поле на југоисток. Споменатите два насоки како природно погодни места за насочувањето на сообраќајот, на градот Штип му даваат повисок ранг во системот на населбите во Источна Македонија.

3.2 ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Поширокото подрачје на градот има сложена геолошка градба. На исток и североисток во Ежово Поле и Пребег терените се изградени од песочници, глинци, лапорци и варовници. Ридовите Мерите, Исарот и Кумлак се составени од гранити, а месноста Плуждино од лапоровити глини,песоци и чакали. Од делувијални и полувијални седименти изградени се терените кај месноста Летиште, додека со алувијалните наноси се покриени терените по долината на река Брегалница.

Во непосредна близина на Штип утврдени се два вертикални раседи, а северно од градот се претпоставени уште два.

Според физичко-механичкото својство се среќаваат:

- неврзани стени, претставени со алувијални седименти по долината на река Брегалница и делувијални седименти кај месноста Летиште;
- слабо врзани стени, претставени со гранити по ридчестите терени на Мерите и Кумлак и флишните седименти северно од градот.

Според инжењерско-геолошките карактеристики, а имајќи ја во предвид стабилноста,терените се издвоени во:

- претежно стабилни терени,изградени од гранити и карбонатни стени со постојани физичко-механички својства;

- претежно условно стабилни терени во кои спаѓаат вулканските палеогени седименти, флишните и алувијално - делувијалните седименти, а поседуваат релативно ниски физичко-механички својства;
- претежно нестабилни терени со слабо врзани неогени глини, палеогени флишни седименти со ниска вредност на физичко-механичките својства.

Според очекуваниот интерес на земјотресите, поширокото градско подрачје припаѓа на зоната до 8° по МЦС скалата, меѓутоа за градба на покрупни инвестициони објекти, а поради сложената сеизмогена состојба на овој простор, неопходни се детални истражувања и сеизмичко микрореонизирање.

3.3 ХИДРОГРАФСКИ И ХИДРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Штип лежи на устието на река Отиња во река Брегалница.

Река Брегалница со проток 17,9 $м^3$/сек е главен рецепиент на водите во ова подрачје. Горниот речен тек е рамничарски со големи меандри, во средишниот дел на подрачјето формира типична клисура сечејќи една греда од гранитните карпи, а низводно од клисурата кон југ, се јавува големо ерозивно проши-рување.

Реката Отиња (0,16$м^3$/сек) извира од планината Плачковица, прима неколку водотека узводно од Штип и се влева во река Брегалница на 262м надморска височина. Има карактер на пороен водотек, со големи води и голем можен пороен материјал. Коритото на река Отиња е регулирано во должина од 1600м низ градското подрачје.

Поблиското подрачје на градот е сиромашно со природни извори на вода. Се среќава само еден извор со издашност од 1л/сек..

Југоисточно од градот, на десниот брег на река Брегалница има појава на термални води, во локалитетот Кежовица и Л'џи.

Изворите во обата локалитета имаат мала издашност 1-1,5л/сек со температура од 52-60 степени, а во бушотините е добиен капацитет од 20л/сек. Локалитетот Кежовица денес е бањско рекреативен центар.

Во подрачјето се среќаваат 14 суводолици со пороен карактер кои сеуште не се регулирани. Расположени се претежно во североисточниот дел на поширокото подрачје на градот.

Подземните води не се целосно истражени и нивните карактеристики не се познати,освен во локалитетите Фортуна, Штипско езеро и Рибнички Чешми кои се користат за водоснабдување. Локалитетите се во непосредна близина на река Брегалница,поради што нивото на подземните води е во зависност од нивото на речниот тек.

Откако е изградена акумулацијата Калиманци на река Брегалница нема појава на поплави. Се претпоставува дека акумулацијата ќе оневозможи

појава на плавење од максимални 25 и 100 годишни води, а можното излевање на река Брегалница е во нејзиното инундационо корито.

Иако реката Отиња е регулирана во подрачјето на градот,може да се излие при големи води, поради голема акумулација на носен материјал. Поради тоа неопходна е регулација и санирање на целиот речен тек, а истовремено и превземање на соодветни биолошки мерки.

3.4 ПОЧВЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Штип е расположен на границите на Овчеполското земјоделско подрачје на кое обележје му даваат ораниците, лозовите насади, градинарски култури и пасишта.

Во поширокото подрачје на градот се среќаваат хетерогени почвени типови во кој преовладуваат втора и трета бонитетна класа, а делумно се застапени и почви прва бонитетна класа.

Почвите од прва бонитетна класа, претежно алувијални земјишта се јавуваат североисточно од градот,по текот на река Брегалница, на многу мали површини. Почвите од втора бонитетна класа (смолници и черноземи), се среќаваат во рамничарските делови на север од градот Овче и Ежово Поле. Тоа се почви на кои со примена на соодветни агротехнички мерки може да се добијат високи приноси.

Почвите од трета бонитетна класа (регосоли), ги завземаат просторите на исток, запад и југ од градот на падините на планината Плачковица. Тоа се почви со умерена плодност и лимитиран избор на култури.

Подрачјето на север од градот , во рамничарскиот дел на Ежово Поле се обработливи земјишта на кои обележје и даваат лозовите насади, ораниците, а на места се среќаваат и овошни насади. Обработливите површини претежно оризишта се простираат по горниот тек на реката Брегалница, а на оброните на планините и ридовите се простираат пасишта.

На исток од река Брегалница, односно на исток од градот по долините на Плачковица доминираат пасиштата, а на локалитетот Кумлак, Добро Поле се подигнати лозови насади. Овде се среќаваат и остатоци од шумички во доловите и на пострмните места.

Јужно од градот застапени се исклучително пасишта.

3.5 ВЕГЕТАЦИСКИ И ПЕЈСАЖНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Поширокото подрачје на градот припаѓа на регионот на дабови шуми, во најнискиот појас на термофилната заедница од благун и бел габер. Во овој предел шумата се јавува во мали енклави во доловите и на пострмни и посокриени места, деградирана е и преискористена, а нејзината егзистенција е зависна од третманот на заштитата.

Во просторот доминираат пасиштата од типот на степи со белези на големо антропогено влијание. Тие претставувале, а и денес се меѓу најважните подрачја за зимска испаша. Флористички се богати, а специфичност им дава присуството на голем број едемни видови.

Крајречната вегетација од типот на тополови шуми, покрај река Брегалница, се уште не е истражена. Нејзиното присуство е од особено значење во градското подрачје и неговата околина како тампон зелена зона меѓу индустријата и домувањето и за збогатувањето на пејсажот.

Вкупниот впечаток кој од вегетациски аспект го создава пределот е сиромашен, пуст, обезшумен, со доминантно земјоделско обележје и девастирани шумски простори на падинските делови на Плачкивица.

Пејсажите во пониските делови на Плачковица се претежно ниски и испресечени со долови. Поради ерозивноста на површините и оголеноста не се особено вредни. Нивната вредност е во поволната експозиција на визури кон Овче Поле и текот на река Брегалница. Пејсажите во повисоките предели на Плачковица се многу поинтересни, а вегетациски, климатски орографски и вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетнички простор во општината.

Рамничарските пејсажи на Овче Поле се типични аграрни пејсажи, со структура на ниви, лозја и на места овоштарници. Пределот се одликува со специфичности, како што се широки и отворени визури кон Плачковица, Богословец и падините на Осогово. Локалитетот Гладно Поле како делумно издвоена морфолошка структура претставува поинтимен простор затворен со ниски ридчиња од север, исток и запад и отворен кон текот на река Брегалница и левкастото проширување на левиот брег на река Брегалница, “Долни Бунар”.

Најинтересни и најзначајни пејсажи во подрачјето на градот се речните текови на река Брегалница и река Отиња. Текот на река Брегалница придонесува кон динамичноста, разноврсноста и збогатување на визуелните и психолошки ефекти во пределот. Текот на река Отиња иако регулиран, а неуреден претставува белег на градот и надвор од него и нуди можности за пејсажно обликување и спорт и рекреација.

3.6 ЕКОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Градот Штип веројатно е еден од ретките градови во Републиката во кој смог скоро и да нема. Најголем допринос за ваквата состојба е непостоење на загадувачка индустрија и отсуство на тешка индустија а домонантниот штипски ветер кој е присутен многу често помага во проветрувањето на градот.

Општата состојба на животната средина, во споредба со состојбите од пред 10-15 год. сигурно е во полоша состојба. Ова произлегува од фактот дека сигурно е зголемен бројот на изворите на чад и гасови; зголемен е бројот на сите видови на моторни возила; зголемен е бројот на

индивидуалните ложишта... Сето ова допринрсува чистотата на воздухот во рамките на потесното градско подрачје да станува се по проблематична.

Метеоролошката станица лоцирана на запад во месноста викана Каленица непосредно до концентрираната работна зона, е синоптичка, т.е. ги прати само метеоролошките појави а не и состојбите со загадувањето на животната средина.

Во последните неколку години, во рамките на градското подрачје направени се доста интревенции на планот на модернизација на проширување на градската канализација. Изградени се позначајните колектори и ставени во употреба, со тоа состојбата во гртадот од овој аспект е мошне подобрена, смалени се можностите за загадување на подземните води, за загадување на водата во градскиот водоводен систем и за загадување на површинските води. Мегутоа заради непостоење на пречистителна станица, зголемениот волумен на отпадни води неконтролирано се испушта во Брегалница во западниот дел од градот, каде повеќекратно се влошени условите во поглед на загадување на околината за сметка на санација на станбените делови.

Водата за пиење, се прочистува во прочистителна станица-фабриката за чиста вода, истата постојано се контролира преку надлежните организации, во поглед на бактериолошка и хемиска чистота. Извориштата за хигиенската вода се подземни, Комуналната организација “Исар” се грижи за спазување на чистотата на извориштата од кои се прибира водата.

Градското и вонградското зеленило, кое се смета за организирано, како И другите слободни и неизградени површини, не се одржуваат на потребното ниво, така да претставуваат значителен извор на прашина: и онака оскудните јавни зелени површини постепено се подјадуваат било со поставување на привремени објекти (бараки, киосци, па дури и кафулиња) и пристапи и манипулативни површини околу нив, било со предлози за инфилтрирање на градежни објекти во зелени неизградени површини, со образложение дека соодветните содржини се комплементарни на зеленилото.

Односот на граѓаните кон зеленилото е на незадоволително ниво- на очајно низок степен. Доказ за тоа е комплетното наше окружување: улиците и другите јавни површини кои наликуваат на отворени депонии за секакви отпадоци и ѓубре а да не зборуваме за просторуите околу градот надвор од урбанизираниот простор кој егзистира. Кон тоа секако допринесува и недоволното ангажирање на комуналните организации и активноста на комуналните инспектори.

3.7 ПРИРОДНИ РЕСУРСИ

Во природните услови и ресурси од интерес на идниот развој на градот Штип се вбројуваат:

- Земјоделското односно обработливото земјиште ги зафаќа рамничарските предели на Овче Поле, Ежово Поле и долината на река

Брегалница и река Крива Лакавица.Земјиштето се одликува со мали нагиби, поволна експозиција, добри почвени и други особини. Овие погодности на Овче и Ежово Поле и по долината на река Брегалница се подобрени со хидромелиоративниот систем со што се создадени оптимални услови за максимална биолошка продукција;

- Најквалитетни шуми се јавуваат на надморска височина над 1.000м. До 500м.н.в. шумите се уништени и заменети со пасишта,а до 1.000м. се јавуваат деградирани шуми или шикари. Шумите во Општината се слабо продуктивни бидејќи само мал процент се високо стеблести шуми. Шумската покривка, висината и климата на Плачковица и даваат особини на туристички простор, бидејќи во близината, ислучувајќи го езерото Дојран нема друг изразито квалитетен туристички простор;
- Во поширокото градско подрачје постои нерамномерна територијална разместеност и мала издашност на изворите, со што просторот го чинат сиромашен со изворска вода;
- Во поголеми количини подземните води се регистрирани во Овче Поле, Криволакавичката долина со непознати билансни количества како и по текот на река Брегалница каде постојат зафати со кои се снабдува градот со вода;
- Присатната опасност од загадување на подземните води односно влошувањето на нивниот квалитет наметнува потреби за испитување и заштита;
- Поради оскудноста на изворска вода на територијата на Општината, постои потреба за користење на водите од Злетовска река, преку изградба на систем за водоснабдубање на повеќе градови во Регионот на Источна Македонија меѓу кои е и градот Штип;
- Во градското подрачје присатни се појавите на термо минерални води. Со црпење добиен е капацитет од 20л/сек.Високата температура на водата од 52°-60° како и некои други карактеристики овозможуваат развој на Кежовица во бањско рекреативен центар. Во подрачјето на Штип-Богословец, Св.Николе постојат индикации за длабоки подземни акумулации на вода со температура до 100° Целзиусови од кои може да се очекуваат позитивни резултати во однос на добивање на геотермална енергија со поволни геотермални карактеристики.

За градот и неговиот општествено - економски развој од металните и неметалните руди посебно внимание заслужуваат:

- Базалтите од Ежово брдо кои се во експлоатација како градежен материјал и може да бидат искористени во индустријата за фертилозери со што нудат поширок спектар на искористување;
- По текот на Крива Лакавица утврдени се резерви на 300.000 тони кварц, меѓутоа според индикациите се очекува зголемување на резервите, со тоа и интересноста на овој локалитет за градот Штип;

- Како полуфабрикат за металопреработувачката индустрија заслужуваат внимание и утврдените резерви на бакар од 110 мил.тони во локалитетот Бучим.

3.8 РЕЛЈЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Поширокото подрачје на градот го сочинуваат разновидни морфолошки облици - рамничарски терени на Ежово Поле, делови на котлината на река Бре-галница и Крива Лакавица, ридските терени на планината Серта и Конечка на северозапад и ритчестото подножје на Плачковица на исток. Градот се наоѓа на ерозивното речно проширување на реката Брегалница и Отиња, меѓу ридовите Исарот (395м) и Мерите (420м) од запад, Кумлак (455м) од југ, Каракуш (425м) и ридовите на Плачковица со највисоки точки од 384м, 345м, 339м и 327м, кои од исток го затвараат просторот. Кон север и југозапад по долината на река Бре-галница и северозапад кон Ежово Поле просторот е рамничарски и широко отворен, со надморска висина до 300м.

Просторот на Ежово Поле, Пребег, Гладно Поле и Долни Бунар и речното проширување на Брегалница, претставуваат благо забранувано земјиште со многу поволни топографски карактеристики. Подрачјето кон север и исток претставува изразито ридчест предел, испресечен со суводолици и изразени процеси на ерозија. Маркантен белег на просторот му дава текот на реката Брегалница која во северниот дел од подрачјето е рамничарска,во централниот дел навлегува во клисурата помеѓу ридовите Мерите и Исарот, а кон југ повтор-но се јавуваат ерозивни речни проширувања. Во клисурата на река Брегалница од исток се слива реката Отиња.

Во подрачјето јасно се издвојуваат три целини: ритчест, падински и рамничарски рељеф.

Ритчестите предели се карактеризираат со изразити возвишенија и стрмни страни чии наклони се над 20% и особено неповолни за градба. Во вкупниот анализиран простор заземаат околу 10%, а расположени се јужно и источно од постојното градско ткиво.

Падинските терени припаѓаат на ритчестиот простор. Се карактеризираат со поблаги страни, со наклон од 10-20%, релативно неповолни за градба. Заземаат околу 30% од вкупната површина.

Рамничарските предели кон југ, запад и север од денешниот град имаат наклон од 0,5-10% и се поволни за развојот на градот. Заземаат најголема површина, околу 60% од вкупната територија на која е вршена анализата.

3.9 КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Подрачјето на Штип се карактеризира со умерено-континентална клима и со одредено влијание на изменето-медитеранска преку долината на река Брегалница.

Просечна годишна температура на воздухот е 12,9^{o} Целзиусови. Највисока средна месечна температура имаат месеците јули и август (23,8^{o}

Целзиусови), а најниски месецот јануари (1,4^{o} Целзиусови). Температурните амплитуди се доста изразени, апсолутно максималната температура изнесува 41° Целзиусов (во август), а апсолутно минималната -22.7^{o} Целзиусови (во јануари).

Годишно има 72 дена со појави на мраз и тоа најизразени во јануари, февруари и декември.

Особено поволен елемент е должината на траењето на сончевиот сјај, 2376,9 часа годишно (Хвар 2.714 часа годишно), или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентацијата на објектите.

Подрачјето е сушно со 506,1мм воден талог просечно годишно.

За летниот период се карактеристични поројни дождови кои претставуваат одреден проблем за градот.

Средногодишна влажност на воздухот во најголем дел на годината изнесува 67%.

Маглите се ретка појава, ги има околу 13 дена во годината и тоа во јануари и декември.

Доминантни се ветровите од северозападниот и југоисточниот правец.

Северозападниот ветер со просечна годишна честина од 196% и брзина од 5,2м/сек се јавува најчесто од јуни до август и од јануари до март. Југоисточниот ветер се јавува со просечна годишна честина од 183%, средногодишна брзина од 6,7м/сек. и тоа најчесто во март, април и ноември.

3.10 СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според инженериско - геолошките услови теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации .

Според инжењерско-геолошките карактеристики, а имајќи ја во предвид стабилноста,теренитe се издвоени во:

претежно стабилни терени,изградени од гранити и карбонатни стени со постојани физичко-механички својства;

претежно условно стабилни терени во кои спаѓаат вулканските палеогени седименти, флишните и алувијално - делувијалните седименти, а поседуваат релативно ниски физичко-механички својства;

претежно нестабилни терени со слабо врзани неогени глини, палеогени флишни седименти со ниска вредност на физичко-механичките својства.

Според очекуваниот интерес на земјотресите, поширокото градско подрачје припаѓа на зоната до 8о по МЦС скалата, меѓутоа за градба на покрупни инвестициони објекти, а поради сложената сеизмогена состојба на овој простор, неопходни се детални истражувања и сеизмичко микрореонизирање.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен, законодавно-административен, здравствено-социјален и други аспекти. Со добрата сообраќајна врска, местоположба, демографскиот раст и развој, добрата разместеност на зоните за домување, работа и рекреација на населението се развива и потребата од изработка на нови урбанистички планови према важечката законска регулатива кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат.

4.1 ИСТОРИСКИ РАЗВИТОК НА ГРАДОТ

Општина Штип се наоѓа во централниот источен дел на Република Македонија. Зафаќа просторна површина од 556 км2, односно 3,1 % од површината на Републиката, со 71 населено место. Површината на градот со населбите е 13,5 км2. Општина Штип лежи во средно сливно подрачје на реката Брегалница. Се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност.

Штип со најблиската околина, своето богато културно историско минато го започнува уште во најраните времиња на човековата историја. Регистрираните населби од неолитот, енеолитот, бронзената епоха и железното доба, преку римскиот, како и доцноантичкиот и средновековниот период, па се до денес, зборуваат за континуитет на живеење на потесниот и поширокиот простор на Брегалничкиот регион.

Името Астибо за прв пат го споменува античкиот хроничар Полиен во 3 век пр.н.е., кој известува дека во реката Астибо (денешна Брегалница) е изведувано ритуално капење на Пеонските кралеви, како чин на нивното крунисување.



Слика бр.1 Територијална поделеност на општините во Република Македонија

Астибо повторно се споменува и е обележан во Табула Пеуттингемиана (античка карта од 4 век) како населба, една од станиците на патот за Стоби-Пауталија (Ќустендил) – Сердика (Софија). Поголемиот дел од научните работници го лоцираат Астибо на просторот од денешниот стар дел на градот Штип. Урбаната градска населба ги опфаќала источните падини на ридот Исар и локациите Стар Конак, Тузлија и Горно Маало. Денес од античката архитектура на градот, делумно се сочувани остатоците на градскиот аквадукт во месноста Ќемер, преку кој градот се снабдувал со чиста вода.

Античкиот град Астибо својот највисок подем го достигнува кон крајот на II и во првата половина на III век. Во втората половина на III век, со пробивот на варварските племиња во периферните делови на римското царство, страдаат поголемиот дел од населбите и градовите, меѓу кои и градот Астибо. Континуитетот на живеење на овој простор не е прекинат. Населбата егзистира и во доцниот антички и во раниот византиски период, веројатно под името Стипеон. Во средниот век населбата го добива името Штип.

Од средновековниот период, при крај на IV век и во текот на VII век, во виорот на аваро-словенските завојувања на Балканскиот Полуостров, настрадале речиси сите доцноантички–рановизантиски градови, меѓу кои и Стипеон. Средновековниот град Штип никнува врз урнатините на Античкиот град Астибо и рановизантискиот Стипеон. Средновековната историја на градот започнува со населувањето на словените на ова подрачје, преполно со бурни историски настани.

Во IX век, брегалничката област потпаѓа под бугарска власт. Од 976 год. до 1014 год., Штип се наоѓа во границите на Самуиловата држава. Временскиот период и пропаѓањето на Самуиловата држава, се карактеризира со чести менувања на владетелите: Византија, Бугарија па Србија, се до доаѓањето на Турците кон крајот на втората половина на XIV век, кога средновековниот град Штип бил освоен од османлиите.

Средновековниот град–тврдина е лоциран во западниот дел на денешниот град Штип на доминантното возвишение Исар, меѓу реките Брегалница и Отиња. На највисокиот дел од возвишението, изграден е средновековен град од типот на Самуиловата тврдина (Охрид), Марковите кули (Прилеп), Кале (Скопје) и др.

Како средновековен град, Штип, својот најголем културен, економски и духовен подем го постигнува во XIV век. Во долните делови на падините на Исарот изградени се три средновековни цркви од XIV век, на источната падина ,,Св. Архангел Михаил", на јужната „Св. Јован Крстител" и на северната „Св. Василиј", која е во остатоци од темели. Во подножјето на Исарот, а во склоп на средовековниот Штип, влегуваат и црквите „Св. Архангел", „Сифиевата црква" посветена на Св. Никола, денес црква „Св. Никола" и црква „Св. Спас", сите од XIV век. Денес видливите остатоци од античкиот и средовековниот град, претставуваат нем сведок за бурната дваесетвековна историја на градот Штип, кој низ вековите се развивал, опстојувал, пропаѓал и повторно се издигнувал на истото место.

Во 1395 година го освојуваат Турците. Отогаш, па се до XVII век постојат малку пишани документи за мракот на средновековното владеење на Турците. Во пишаните документи Штип се споменува во 1620 год., како епископско средиште, а во 1661 год., турскиот патеписец Евлија Челебија запишал: „Штип е кадилук со тврдина на ридот што чува стража. Во градот има џамии, бањи, голем карван, сарај и мала река".

Во Австро-турската војна во 1689 год., Штип е освоен од Австроунгарците. Две години подоцна, во 1690 год., повторно го заземаат Турците со големи разорувања и страдања на месното население. Поволната географска положба придонела, Штип, до крајот на XVIII век да почне подинамично да се развива. Историчарите тврдат, дека во 1820 год. во него живееле 5.000 жители. Три децении подоцна, бројот на жителите пораснал на 20.000. Во втората половина на XIX век започнува со работа првото училиште со 250 ученици. Отвореното училиште има клучно значење во духовната борба на македонскиот народ во овој крај.

Во текот на Втората светска војна, во 1941 година го окупираат бугарските фашисти. Единиците на НОБ го ослободуваат на 8 ноември 1944г.

4.2 ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ

Општината Штип се наоѓа во централниот источен дел на Република Македонија помеѓу 41° 31' 15'' и 41° 44' 25'' северна географска ширина и 22° 10' и 22° 13'' источна географска должина и средна надморска висина од 250-350 метри. Штип е центар на една природна терериторијална целина каква што е Источна Македонија, а таквата положба условува низа предности на централна диспозиција, изразена со зголемена размена на луѓе и добра, добра сообраќајна поврзаност, лоцирање на некои функции од значење на поширокото подрачје и слично.

Во рамките на системот на населбите во регионот, градот Штип е предвиден да биде првостепен урбан центар, заедно со Кочани и Струмица. Капитален интерес на градот Штип е да се развива целиот систем на населби во регионот, да се намалат миграционите движења и порастот на популацијата да не оди побрзо од можностите за задоволување на потребите на луѓето. Од друга страна, разместеноста на стопанските капацитети во градот се така предвидени да се во радиус поволен за дневна миграција

на работната сила, со што ќе се постигне поволен однос помеѓу просторот за работа и живеење со соодветен систем на сообраќај и комуникации за ефикасно совладување на просторните дистанци со основна цел – интегрирање во единствен функционален и просторен систем на градот и неговото потесно и пошироко окружување.

Главните влезови во градот се од север од регионалниот и магистралниот патен правец од Велес и Свети Николе (Р-??? и М - ???) и југозападен патен правец од Радовиш-Струмица и Неготино по регионалниот патен правец Р-???

Во општина Штип на површина од 583 км2 што претставува 3,1 % од површината на Републиката, живеат 47796 жители (според пописот од 2002 година), од кои само во градот **43 652 жители.**

Најголем процент од вкупната намена на површините (освен неизгарденото земјиште кое сега зазема голем процент), му припаѓа на домувањето. Станбениот фонд го чинат семејни куќи кои опфаќаат најголем процент од вкупната површина под домување. Најголема концентрација на станбени згради има во населбата 8-ми ноември. Состојбата на станбениот фонд е солидна, применети се современи системи и материјали за градба.

Централниот дел на градот Штип, т.нар. градски центар, опфаќа површина од 36 хектари и го зафаќа просторот од двете страни на река Отиња која претставува визуелна и комуникациска осовина.

Во рамките на централното градско јадро се наоѓаат објекти од државна и локална управа, банки, јавни установи како суд, објекти од здравствената заштита, пошта, објекти од образованието и наука, култура, трговски единици, и сл.

Југоисточниот дел од градот го сочинува штипско Ново Село кое претставува амбиентално заштитена целина со тесни улички и убава традиционална архитектура од крајот на 19 и почетокот на 20 век, црквата Св. Богородица од Андреја Дамјанов и неговата тајфа и др.

Јужниот дел од градот е зафатен исклучиво со домување и тоа е т.нар. нас. Јужен Реон 1 и 2. Тоа е стара градска населба со индивидуално домување.

4.3 НАСЕЛЕНИЕ - ДЕМОГРАФИЈА

Според пописот на населението од 2002 година, во Општина Штип на површина од 583 км^2 живеат 47796 жители во 44 населени места или 82ж/км^2. Во градот Штип кој е центар на Општината, на површина од 2292 ха попишани се 43 652 жители кои претставуваат 81% од вкупното население во општината, со густина на населеност од 17.46 ж/ха.

Движење на бројот на жители

Годи	Број на	Природен прираст	

на	жители	(разлика меѓу родени и умрени)	‰
1953	13.845	343	24,8
1961	20.269	475	23,4
1971	27.224	382	13,9
1981	36.230	597	8,3
1991	42.826	383	4,7
1994	41.730		5,2
2002	42 652		

Според податоците од Државниот завод за статистика населението на Град Штип од 2005 - 2015 е следното:

2015	
вкупно	48657
мажи	24279
жени	24378
2014	
вкупно	48630
мажи	24271
жени	24359
2013	
вкупно	48590
мажи	24283
жени	24307
2012	
вкупно	48587
мажи	24302
жени	24285
2011	
вкупно	48598
мажи	24322
жени	24276
2010	
вкупно	48517
мажи	24295
жени	24222
2009	
вкупно	48382
мажи	24216
жени	24166
2008	
вкупно	48275
мажи	24145
жени	24130
2007	
вкупно	48227
мажи	24125
жени	24102
2006	
вкупно	48194
мажи	24108
жени	24086
2005	
вкупно	48097
мажи	24062
жени	24035

Динамиката на населението на Штип се должи на два основни фактора: природниот прираст на населението и миграцијата на селското население во градот. Природниот прираст на вкупното движење на населението на Штип, во периодот 1971-1991 година влијаел со 67,8%.

Евидентно е постојаното намалување на природниот прираст од 1961 година па до денес. Се забележува драстичен пад помеѓу 1961 и 1971 година, но тој може да се смета за позитивен, затоа што во првата деценија после Втората светска војна, како што вообичаено и бидува после војната, природниот прираст нагло се зголемува и ги достигнува висините кои почнуваат да бидат непожелни, за потоа да почне да опаѓа со тенденција да почне да се стабилизира во рамки кои обезбедуваат нормално обновување и хармоничен развој на една популација.

Во примерот на Штип, од 1971-1981година, природниот прираст се движи скоро во идеални рамки од 13,9‰ до 8,3‰ . Овие податоци во стварност се можеби малку помали затоа што во контингентот на родените во градот е влезен и извесен број новороденчиња кои се фактички родени во градот (болницата), чии родители имаат постојано место на живеење во некое од селата во општината. И со таа корекција, стапките на приордниот прираст пак би се движеле во пожелните рамки.

Како што е пожелен поголем број на младо население исто така и контингентот на населението постаро од 60 години треба да се движи во некои разумни рамки. Односот на делот од популацијата преку 60 години старост и младото население од 0-19 години старост, ја дава стапката на стареење, која според поедини автори би требала да се движи во рамките од 0,20-0,40. Под 0,20 значи дека е во огромна доминација младото население кое во наредните развојни периоди ќе се наметнува пред општеството со многукратни барања и недостаток на финансиски средства за подмирување на тие барања, а преку 0,40 се смета дека популацијата во анализираното подрачје е стара.

Пак според некои автори, ако процентот на младото население (0-19 години) во однос на вкупното падне под 30% прети опасност таа популација да ја изгуби својата младина.

Овие согледувања можат да се видат и во следниот табеларен преглед:

Пописни години	Вкупен број на жители	Население од 0-19 год.		Население преку 60 год.		Коефициент на стареење
		број	%	број	%	
1961	20. 269	8 655	42 ,7	1 458	7,2	0,17
1971	27. 289	13 617	49 ,9	144 6	5,3	0,11
1981	36. 230	16 122	44 ,5	221 0	6,1	0,14

1991	42. 826	14 046	32 ,8	379 0	8,85	0,27
1994	41 .730	13 025	31 ,2	443 2	10,6 2	0,34
2002	43 652	11 469	26 .2 7	6 125	14.0 3	0.53

Од прегледот јасно се гледа дека процентуалното учество на младото население до пописот во 1994 година е над 30% во однос на вкупното, а коефициентот на стареење до 1981 година е под 0,20 што значи дека во огромна доминација е младото население. Во последните децении овој коефициент е во покачување, што значи дека се намалува процентот на младото население, а се зголемува процентот на старото население, што не е добро за една нација. По пописот во 2002 година процентот на младото население е 26.27% (под 30%), а процентот на старото население преку 60 год. е 14.03%, додека коефициентот на срареење е во пораст и изнесува 0.53 што е многу над 0.20, што значи дека населението старее.

Треба да се очекува дека градот нема значително да расте по пат на механички прилив од селата од и вон општината. Формираната територијална поделба на општините, чија цел е покрај останатото, да се намали механичкиот прилив на населението во градот, да заживеат повторно селата, а седиштата на новите општини да прераснат во семиурбани центри.



Графикон 2. Пораст на населението на град Штип од 1948 до 1991 год.

Според податоците порастот на населението по 2005 година и трендот на пораст до граница на планскиот период е прикажан на следниот графикон





Структура на населението по пол, возраст и национална припадност

Во структурата на постојаното население, со пописот 2002 година со многу мал % 0,17 процентни поени преовладува женското население, односно машкото и женското население се речиси изедначени.

Од аспект на возраста, според податоците од Пописот, населението на Штип, 2002 година имало поволна старосна структура. Најголем дел од истото, 51.58% било на возраст од 24-59 години. Додека, старото население, на возраст над 64 години, во вкупното постојано население на градот учествувало со 11,74% што е повисок од просекот во РМ (на ниво на РМ е 8,9%).

Табела 1. Структура на населението по пол и возраст

Возраст	Постојано население Број	МАШКО Број	ЖЕНСКО Број
0 -4	2245	1152	1093
5 -9	2435	1215	1220

10 - 14	3199	1639	1560
15 - 19	3590	1893	1697
20 -24	3543	1792	1751
25 - 29	3268	1665	1603
30 -34	2929	1411	1518
35 -39	3384	1685	1699
40 - 44	3733	1839	1894
45 -49	3656	1895	1761
50 - 54	3248	1676	1572
55 -59	2297	1118	1179
60 -64	2079	986	1093
65 - 69	1854	866	988
70 - 74	1116	502	614
75-79	640	254	386
80-84	287	106	181
85 и повеќе	144	57	87
непознато	5	1	4
ВКУПНО	**43 652**	**21 752**	**21 900**
Проценти:	100%	49.83%	50.17%

Од податоците во табелата се гледа дека јадрото на населението, 51,58%, го сочинувало зрелото население, на возраст од 24 до 59 години, а половата застапеност е речиси изедначена.

Податоците за структурата на населението по 2005 година се следните:

2015																						
0	**1-2**	**3-4**	**5-6**	**7-9**	**10-14**	**15-19**	**20-24**	**25-27**	**28-29**	**30-34**	**35-39**	**40-44**	**45-49**	**50-54**	**55-59**	**60-64**	**65-69**	**70-74**	**75-79**	**80+**	**неопознато**	
5006	1000	1010	1061	1452	2542	2491	3019	2284	1551	3924	3717	3270	3290	3768	3756	3402	2467	1821	1374	952	0	48657
2629	499	513	565	758	1297	1296	1512	1158	816	2002	1921	1617	1616	1888	1845	1727	1164	803	603	417	0	24279
2445	501	497	496	694	1245	1195	1507	1126	735	1922	1796	1653	1674	1880	1911	1675	1303	1018	771	535	0	24378
																						0
2014																						
0	**1-2**	**3-4**	**5-6**	**7-9**	**10-14**	**15-19**	**20-24**	**25-27**	**28-29**	**30-34**	**35-39**	**40-44**	**45-49**	**50-54**	**55-59**	**60-64**	**65-69**	**70-74**	**75-79**	**80+**	**неопознато**	
5	9	1	9	1	25	25	32	23	15	39	36	31	34	38	37	32	23	18	13	8	0	486

12	82	061	92	493	30	37	14	13	37	24	74	77	14	63	10	94	62	04	52	85		30
255	494	552	518	789	1280	1320	1619	1197	789	1989	1912	1554	1690	1933	1834	1680	1104	795	581	386	0	24271
257	488	509	474	704	1250	1217	1595	1116	748	1935	1762	1623	1724	1930	1876	1614	1258	1009	771	499	0	24359
																						0
2013																						0
0	**1-2**	**3-4**	**5-6**	**7-9**	**10-14**	**15-19**	**20-24**	**25-27**	**28-29**	**30-34**	**35-39**	**40-44**	**45-49**	**50-54**	**55-59**	**60-64**	**65-69**	**70-74**	**75-79**	**80+**	**неопзнато**	0
489	1012	1062	950	1538	2492	2611	3408	2306	1553	3915	3609	3136	3565	3872	3697	3186	2243	1795	1344	807	0	48590
244	515	566	491	810	1261	1345	1724	1214	808	1971	1866	1531	1776	1927	1849	1622	1039	798	573	353	0	24283
245	497	496	459	728	1231	1266	1684	1092	745	1944	1743	1605	1789	1945	1848	1564	1204	997	771	454	0	24307
																						0
2012																						0
0	**1-2**	**3-4**	**5-6**	**7-9**	**10-14**	**15-19**	**20-24**	**25-27**	**28-29**	**30-34**	**35-39**	**40-44**	**45-49**	**50-54**	**55-59**	**60-64**	**65-69**	**70-74**	**75-79**	**80+**	**неопзнато**	0
494	1063	992	979	1541	2463	2722	3554	2316	1584	3855	3555	3153	3648	3923	3678	3053	2163	1764	1343	744	0	48587
250	553	518	518	805	1252	1378	1834	1218	824	1952	1822	1520	1829	1944	1874	1535	992	781	578	325	0	24302
244	510	474	461	736	1211	1344	1720	1098	760	1903	1733	1633	1819	1979	1804	1518	1171	983	765	419	0	24285
																						0
2011																						0
0	**1-2**	**3-4**	**5-6**	**7-9**	**10-14**	**15-19**	**20-24**	**25-27**	**28-29**	**30-34**	**35-39**	**40-44**	**45-49**	**50-54**	**55-59**	**60-64**	**65-69**	**70-74**	**75-79**	**80+**	**неопзнато**	0
519	1064	949	1017	1519	2468	2866	3677	2325	1620	3777	3438	3234	3716	3962	3647	2874	2147	1762	1307	710	0	48598
265	566	491	538	779	1270	1437	1940	1209	825	1930	1739	1560	1872	1966	1880	1419	982	783	572	299	0	24322
254	498	458	479	740	1198	1429	1737	1116	795	1847	1699	1674	1844	1996	1767	1455	1165	979	735	411	0	24276
																						0
2																						0

0 1 0																					
0	**1 - 2**	**3- 4**	**5 - 6**	**7- 9**	**10 - 14**	**15 - 19**	**20 - 24**	**25 - 27**	**28 - 29**	**30 - 34**	**35 - 39**	**40 - 44**	**45 - 49**	**50 - 54**	**55 - 59**	**60 - 64**	**65 - 69**	**70 - 74**	**75 - 79**	**80 +**	**неп озн ато**	0
548	990	977	1035	1510	2484	3012	3760	2360	1602	3745	3281	3335	3859	3907	3609	2703	2108	1792	1243	657	0	48517
290	516	517	543	757	1294	1518	1983	1230	799	1931	1628	1634	1945	1949	1866	1314	959	803	539	280	0	24295
258	474	460	492	753	1190	1494	1777	1130	803	1814	1653	1701	1914	1958	1743	1389	1149	989	704	377	0	24222
																						0
2009																						0
0	**1 - 2**	**3- 4**	**5 - 6**	**7- 9**	**10 - 14**	**15 - 19**	**20 - 24**	**25 - 27**	**28 - 29**	**30 - 34**	**35 - 39**	**40 - 44**	**45 - 49**	**50 - 54**	**55 - 59**	**60 - 64**	**65 - 69**	**70 - 74**	**75 - 79**	**80 +**	**неп озн ато**	0
517	951	1015	1030	1502	2537	3186	3800	2398	1537	3684	3194	3466	3965	3866	3499	2585	2094	1791	1163	602	0	48382
277	491	537	537	748	1319	1625	1998	1243	756	1916	1562	1709	1995	1944	1811	1244	954	798	495	257	0	24216
240	460	478	493	754	1218	1561	1802	1155	781	1768	1632	1757	1970	1922	1688	1341	1140	993	668	345	0	24166
																						0
2008																						0
0	**1 - 2**	**3- 4**	**5 - 6**	**7- 9**	**10 - 14**	**15 - 19**	**20 - 24**	**25 - 27**	**28 - 29**	**30 - 34**	**35 - 39**	**40 - 44**	**45 - 49**	**50 - 54**	**55 - 59**	**60 - 64**	**65 - 69**	**70 - 74**	**75 - 79**	**80 +**	**неп озн ато**	0
476	981	1033	1001	1493	2614	3376	3842	2383	1517	3587	3163	3622	3974	3847	3385	2465	2089	1807	1036	584	0	48275
241	518	543	510	754	1347	1729	2035	1205	756	1855	1540	1801	1983	1954	1745	1174	958	807	450	240	0	24145
235	463	490	491	739	1267	1647	1807	1178	761	1732	1623	1821	1991	1893	1640	1291	1131	1000	586	344	0	24130
																						0
2007																						0
0	**1 - 2**	**3- 4**	**5 - 6**	**7- 9**	**10 - 14**	**15 - 19**	**20 - 24**	**25 - 27**	**28 - 29**	**30 - 34**	**35 - 39**	**40 - 44**	**45 - 49**	**50 - 54**	**55 - 59**	**60 - 64**	**65 - 69**	**70 - 74**	**75 - 79**	**80 +**	**неп озн ато**	0
475	1020	1028	1001	1464	2724	3534	3898	2336	1483	3534	3183	3707	4016	3826	3243	2373	2076	1797	927	582	0	48227
25	53	53	49	76	1380	1837	2054	1162	763	1811	1530	1858	1999	1975	1652	1117	951	816	403	23	0	24125

1	8	7	5	0															6		
224	482	491	506	704	1344	1697	1844	1174	720	1723	1653	1849	2017	1851	1591	1256	1125	981	524	346	0	24102
																						0
2006																						0
0	**1-2**	**3-4**	**5-6**	**7-9**	**10-14**	**15-19**	**20-24**	**25-27**	**28-29**	**30-34**	**35-39**	**40-44**	**45-49**	**50-54**	**55-59**	**60-64**	**65-69**	**70-74**	**75-79**	**80+**	**неопознато**	0
5036	1036	997	1013	1457	2866	3667	3945	2281	1448	3428	3262	3787	4045	3803	3043	2362	2076	1745	870	559	1	48194
268	544	508	504	768	1439	1940	2041	1131	764	1733	1565	1917	2017	1981	1522	1109	953	805	376	223	0	24108
235	492	489	509	689	1427	1727	1904	1150	684	1695	1697	1870	2028	1822	1521	1253	1123	940	494	336	1	24086
																						0
2005																						0
0	**1-2**	**3-4**	**5-6**	**7-9**	**10-14**	**15-19**	**20-24**	**25-27**	**28-29**	**30-34**	**35-39**	**40-44**	**45-49**	**50-54**	**55-59**	**60-64**	**65-69**	**70-74**	**75-79**	**80+**	**неопознато**	0
5111	1024	1004	981	1502	3004	3767	3947	2232	1469	3279	3363	3914	3998	3755	2876	2333	2116	1667	810	544	1	48097
269	533	499	505	789	1514	1990	2023	1130	767	1624	1642	1984	2008	1962	1417	1092	977	770	343	224	0	24062
242	491	505	476	713	1490	1777	1924	1102	702	1655	1721	1930	1990	1793	1459	1241	1139	897	467	320	1	24035

Старосната структура во 2015 година е следната



Национална припадност на населението (попис 2002 година)

ШТИП	број	%
Македонци	41 670	87,18
Албанци	12	0,02
Турци	1272	2,66
Роми	2195	4,6
Власи	2074	4,33
Срби	297	0,62
Бошњаци	11	0,02
Останати	265	0,55

Во националната структура доминира македонското население со 87,18%.

Работоспособен и активен контингент и степен на искористеност на населението

Најважни категории на демографско-економската структура претставуваат работоспособниот и активниот контингент на населението.
Учеството на работоспособното население во вкупното население на определена агломерација, е многу важна детерминанта во нејзиниот стопански развој.
Работната сила како непосреден носител на сите активности се регрутира од контингентот на работоспособното население т.е. од мажите на возраст од 15-64 години и жените на возраст од 15-59 години.
Големината на работоспособниот контингент е определена од динамиката на природниот прираст и од старосната структура на определен популациски контингент. Активното население е условено од демографските фактори и од вкупната економска состојба на градот и пошироко.

категорија	1994	2002
работоспособни	68,82%	70.18%

Вкупно население на возраст од 15 и повеќе години , според активноста

Штип	Вкупно	Економски активни			Економски неактивни
		Сите (враб+невраб)	вработени	невработени	
	43652	20068	13669	6399	19041
мажи	21752	11291	7422	3969	8182
жени	21900	8777	6247	2530	10859

Број и големина на домаќинствата

Општата и стопанска развиеност на едно подрачје директно влијае врз начинот на организирање на семејството, односно со растот на општеството, економскиот развој, доаѓа до распаѓање на големите семејства со тенденција на нивно сведување на потесно семејство во кое живеат само родителите со децата.

Година	1991 год	1994 год	2002
Жители	42.826	41.730	43 652
Домаќинства	12.508	12.474	15.065
Просек членови на едно	3,4	3,34	3,1
Вкупно станови	14.824	14.839	18.270
Вкупно станбена површина	886.025	886.925	1.138.40
Големина на просечен стан	59,77	59,80	62,31
Просечно м2 стан/1жител	20,74	21,25	23,8
Број на домаќинства на 1 стан	0,84	0,84	0,82

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

5.1 ДОМУВАЊЕ

Домувањето е еден од најзначните елементи на просторното и урбанистичкото планирање. Во функционалната структура на урбаните населби ангажира најголем дел од вкупната површина на изграденото земјиште.

Процесот на миграција на релација рурални урбани населби иницран со процесот на индустрискиот развој, има непосредно влијание врз станбената изградба на територијата на градот.

Бројот на станови го надминува бројот на домаќинства во секое населено место. Не постои станбен недостиг, што секако не одговара на реалната состојба. Постојат семејства без стан, како и семејства со повеќе станови.

Градот во 1994 година располагал со вкупно 5.430 станови, со вкупна станбена површина од 445.920 м2.

Со цел да се добие реална слика за состојбата на станбениот фонд направена е анализа неговата старосна структура,

големина, опременоста со инсталации, квалитетот на градба и начинот на користење (намената).

3.3.2. Преглед на станбениот фонд по период на изградба

За структурата на станбениот фонд постојат официјални податоци само до 2002 година.

Од вкупниот станбен фонд во 2002 год. 618 стана (3.4%)изградени се пред 1945 год. па се проценува дека се дотраени објекти постари од 60 години. Како се движи таа бројка на станови по период на изградба може да се види од следната табела:

Табела 2. Структура на станбениот фонд по старост

Вк. станови 2002	Станови по период на изградба							
	до 1918	1919-1945	1946-1960	1961-1970	1971-1980	1981-1990	1991-1999	1999- 2002
18260	200	418	2270	3167	4193	4881	2150	981

Најголем број на станови се изградени во периодот 1981-1990 г. (4881 стан или 27%), потоа станови во период 1971-1980 г. (4193 стана или 23 %), додека станбената изградба по 1990 година драстично опаѓа, за да во периодот по 1999 година изнесува 5.4 %.

at point X=601881.7994 Y=621455.9538 Z= 0.0000
at point X=601938.2348 Y=621457.3769 Z= 0.0000
at point X=602007.1445 Y=621465.3404 Z= 0.0000
at point X=602014.7778 Y=621482.4785 Z= 0.0000
at point X=602032.4867 Y=621500.1874 Z= 0.0000
at point X=602069.1442 Y=621500.0725 Z= 0.0000
at point X=602083.5271 Y=621496.5311 Z= 0.0000
at point X=602083.5271 Y=621506.9584 Z= 0.0000
at point X=602137.6041 Y=621494.6525 Z= 0.0000
at point X=602146.5671 Y=621526.8448 Z= 0.0000
at point X=602164.2297 Y=621573.9925 Z= 0.0000
at point X=602183.2978 Y=621569.3809 Z= 0.0000
at point X=602211.1183 Y=621550.2760 Z= 0.0000
at point X=602220.8872 Y=621554.7671 Z= 0.0000
at point X=602216.4875 Y=621569.2395 Z= 0.0000
at point X=602220.1293 Y=621583.5853 Z= 0.0000
at point X=602231.4518 Y=621608.2954 Z= 0.0000
at point X=602238.8681 Y=621648.1335 Z= 0.0000

at point X=602271.8744 Y=621690.0789 Z= 0.0000
at point X=602250.8903 Y=621702.7879 Z= 0.0000
at point X=602252.9493 Y=621710.6082 Z= 0.0000
at point X=602262.0889 Y=621763.2217 Z= 0.0000
at point X=602240.3981 Y=621787.4675 Z= 0.0000
at point X=602172.1572 Y=621846.9712 Z= 0.0000
at point X=602177.7643 Y=621877.6240 Z= 0.0000
at point X=602164.2523 Y=621951.1763 Z= 0.0000
at point X=602164.1520 Y=621972.1020 Z= 0.0000
at point X=602151.9655 Y=622015.0485 Z= 0.0000
at point X=602073.4770 Y=622037.4052 Z= 0.0000
at point X=602063.8609 Y=622062.0251 Z= 0.0000
at point X=602062.8862 Y=622079.4549 Z= 0.0000
at point X=602027.8402 Y=622085.0883 Z= 0.0000
at point X=601970.6985 Y=622073.6375 Z= 0.0000
at point X=601970.6985 Y=622073.6375 Z= 0.0000
at point X=601954.2356 Y=622072.9581 Z= 0.0000
at point X=601954.2356 Y=622072.9581 Z= 0.0000
at point X=601954.2356 Y=622072.9581 Z= 0.0000
at point X=601933.8488 Y=622086.6528 Z= 0.0000
at point X=601933.8488 Y=622086.6528 Z= 0.0000
at point X=601956.4346 Y=622133.7960 Z= 0.0000
at point X=601949.1116 Y=622144.2383 Z= 0.0000
at point X=601939.5861 Y=622140.2583 Z= 0.0000
at point X=601913.7247 Y=622167.2848 Z= 0.0000
at point X=601904.2605 Y=622166.9823 Z= 0.0000
at point X=601899.3126 Y=622188.8263 Z= 0.0000
at point X=601934.7302 Y=622284.2215 Z= 0.0000
at point X=601938.7900 Y=622305.8011 Z= 0.0000
at point X=601928.3342 Y=622302.4810 Z= 0.0000
at point X=601883.6621 Y=622293.4422 Z= 0.0000
at point X=601860.4176 Y=622310.4337 Z= 0.0000
at point X=601866.4759 Y=622334.1234 Z= 0.0000
at point X=601859.8785 Y=622338.3837 Z= 0.0000
at point X=601829.2152 Y=622336.5599 Z= 0.0000
at point X=601829.2152 Y=622354.4544 Z= 0.0000
at point X=601795.0944 Y=622427.0516 Z= 0.0000
at point X=601749.5658 Y=622396.6741 Z= 0.0000
at point X=601704.5111 Y=622358.9151 Z= 0.0000
at point X=601696.7084 Y=622366.8883 Z= 0.0000
at point X=601680.8346 Y=622380.8587 Z= 0.0000
at point X=601701.8165 Y=622403.1989 Z= 0.0000
at point X=601675.7119 Y=622439.8752 Z= 0.0000
at point X=601658.4486 Y=622453.3553 Z= 0.0000
at point X=601643.8746 Y=622468.6212 Z= 0.0000
at point X=601634.2266 Y=622457.3709 Z= 0.0000
at point X=601624.5785 Y=622435.2720 Z= 0.0000
at point X=601599.3864 Y=622430.1825 Z= 0.0000
at point X=601579.6006 Y=622432.5871 Z= 0.0000
at point X=601564.9459 Y=622437.5340 Z= 0.0000
at point X=601516.3125 Y=622435.6865 Z= 0.0000
at point X=601613.8526 Y=622444.9150 Z= 0.0000
at point X=601481.4124 Y=622467.1097 Z= 0.0000
at point X=601512.7443 Y=622473.3441 Z= 0.0000
at point X=601532.2726 Y=622475.2406 Z= 0.0000
at point X=601545.9777 Y=622478.4798 Z= 0.0000

at point X=601550.3084 Y=622487.0312 Z= 0.0000
at point X=601551.5663 Y=622495.9740 Z= 0.0000
at point X=601542.2123 Y=622505.3280 Z= 0.0000
at point X=601554.1302 Y=622510.6885 Z= 0.0000
at point X=601600.5150 Y=622526.7506 Z= 0.0000
at point X=601631.5459 Y=622558.7929 Z= 0.0000
at point X=601602.1252 Y=622589.3420 Z= 0.0000
at point X=601621.2679 Y=622608.9680 Z= 0.0000
at point X=601608.2777 Y=622625.9800 Z= 0.0000
at point X=601601.4229 Y=622643.6987 Z= 0.0000
at point X=601592.6160 Y=622651.6806 Z= 0.0000
at point X=601458.0520 Y=622808.9592 Z= 0.0000
at point X=601310.6922 Y=622971.3732 Z= 0.0000
at point X=601277.6786 Y=622963.8596 Z= 0.0000
at point X=601238.3344 Y=622957.3692 Z= 0.0000
at point X=601214.0786 Y=622953.7422 Z= 0.0000
at point X=601142.2623 Y=622962.8650 Z= 0.0000
at point X=601142.2623 Y=622962.8650 Z= 0.0000
at point X=601126.1516 Y=622977.1640 Z= 0.0000
at point X=601110.7541 Y=623011.6061 Z= 0.0000
at point X=601135.9784 Y=623036.6916 Z= 0.0000
at point X=601149.1275 Y=623068.7711 Z= 0.0000
at point X=601166.4820 Y=623080.1597 Z= 0.0000
at point X=601194.9794 Y=623096.7336 Z= 0.0000
at point X=601303.1258 Y=623149.6047 Z= 0.0000
at point X=601395.1729 Y=623188.1092 Z= 0.0000
at point X=601481.5072 Y=623218.3108 Z= 0.0000
at point X=601599.9168 Y=623240.1253 Z= 0.0000
at point X=601686.9432 Y=623206.2836 Z= 0.0000
at point X=601733.7248 Y=623186.0958 Z= 0.0000
at point X=601768.9041 Y=623188.1886 Z= 0.0000
at point X=601822.5106 Y=623207.0253 Z= 0.0000
at point X=601850.2820 Y=623199.7104 Z= 0.0000
at point X=601885.7527 Y=623176.0744 Z= 0.0000
at point X=601900.5325 Y=623210.7899 Z= 0.0000
at point X=601954.1104 Y=623323.4275 Z= 0.0000
at point X=601901.6410 Y=623371.0684 Z= 0.0000
at point X=602041.4993 Y=623418.5651 Z= 0.0000
at point X=602092.6289 Y=623510.4950 Z= 0.0000
at point X=602077.5157 Y=623566.5165 Z= 0.0000
at point X=602085.7298 Y=623590.2882 Z= 0.0000
at point X=602099.2222 Y=623602.1750 Z= 0.0000
at point X=602124.6210 Y=623612.9306 Z= 0.0000
at point X=602121.0360 Y=623630.2555 Z= 0.0000
at point X=602100.4953 Y=623644.1455 Z= 0.0000
at point X=602090.3286 Y=623657.8931 Z= 0.0000
at point X=602090.3286 Y=623657.8931 Z= 0.0000
at point X=602090.3286 Y=623657.8931 Z= 0.0000
at point X=602087.2586 Y=623661.3131 Z= 0.0000
at point X=602076.1729 Y=623672.8927 Z= 0.0000
at point X=602067.0880 Y=623686.5111 Z= 0.0000
at point X=602055.3979 Y=623698.7360 Z= 0.0000
at point X=602005.9092 Y=623715.6498 Z= 0.0000
at point X=601972.3785 Y=623717.7700 Z= 0.0000
at point X=601956.8854 Y=623697.4979 Z= 0.0000
at point X=601933.2228 Y=623701.7215 Z= 0.0000

at point X=601918.2928 Y=623703.1290 Z= 0.0000
at point X=601903.0822 Y=623707.3526 Z= 0.0000
at point X=601894.9238 Y=623706.5403 Z= 0.0000
at point X=601894.9238 Y=623706.5403 Z= 0.0000
at point X=601871.9066 Y=623700.7079 Z= 0.0000
at point X=601853.4279 Y=623705.2163 Z= 0.0000
at point X=601826.1964 Y=623714.9648 Z= 0.0000
at point X=601802.0650 Y=623687.0387 Z= 0.0000
at point X=601721.4249 Y=623672.5860 Z= 0.0000
at point X=601589.9440 Y=623717.1824 Z= 0.0000
at point X=601536.6603 Y=623733.1031 Z= 0.0000
at point X=601447.0406 Y=623814.1074 Z= 0.0000

23.01.2013
ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"

Изготвил:
Дипл.геод.инг.Невенка.Кузманов

Директор
Дип.гра.инг. АЛЕКСАНДАР ШУМАНСКИ

2.2. Опис на граници на урбани реони

Урбан реон - Север

Границата на Урбан реон - Север започнува од точка 1 движејќи се по границата опишана во Прилогот *за планскиот опфат на ГУП Штип дадено во точка 2.1 (понатаму во* Прилогот*) и се спушта кон југ од источната страна до точка 2 каде поминува по оска на ул.,,Партизанска,, која ја формира источната граница на реонот, понатаму продолжува до точката на спојување по оската на ул.,,Гоце Делчев,, која се прекршува во правец југ- запад, до точка на оската на магистралниот пат А3 Велес-Кочани движејќи се по границата опишана во* Прилогот*. Урбан реон - Север има 11 четврти.*

Урбан реон - Исток

Границата на Урбан реон -Исток се движи од точка 2 до точка 3 движејќи се по граница опишана во Прилогот. *Од точка 3 границата се движи по оска на Новопроектирана собирна улица 1 до оската на речното корито на реката Отиња, се движи по коритото до оската на ул.,,Славчо Стојменски,, движејќи се по истата на југ се до оска на ул.,,Партизанска,, чија оска ја прави западната граница на реонот се до точка 2. Урбан реон - Исток има 07 четврти*

Урбан реон - Југ

Границата започнува од точка 3 и се движи на југ по границата опишана во Прилогот *до точка 4 каде продолжува по оска на градска магистрала, пат 526-Штип, навлегува по оска на ул.,,Рибник,, ја сече реката Брегалница на две места до оската на ул.,,Димитар Влахов,, и северната граница на реонот е оската на речното корито на р. Отиња се точка 5 и се спушта по оската на Новопроектирана собирна улица 1 се до точка 3. Урбан реон - Југ има 08 четврти.*

Урбан реон - Запад

Границата на Урбаниот реон-Запад започнува во точката 4 се движи на запад по границата опишана во Прилогот *до точка 6 прекршувајќи се во правец кон југоисток по оска на ул.,,Гоце Делчев,, до оска на речното корито на р. Брегалница движејќи се по истата до точка на спој со ул.,,Рибник,, која продолжува по оска на градска магистрала пат 526- Штип до точка 4. Урбан реон - Запад има 08 четврти.*

Урбан реон - Центар

Границата започнува од точка 7 и се движи по ул.,,Партизанска кон југ формирајќи ја источната граница се прекршува и преминува по оскла на ул.,,Вардарска,, до оската на речното корито на р. Отиња која ја формира јужната граница на реонот до местото на влевање на р.Отиња во р. Брегалница и продолжува по коротото на р. Брегалница до точка 8 и продолжува по оска на ул.,,Гоце Делчев,, формирајќи ја западната граница на реонот до точка 9 каде истата улица ја прави северната граница и завршува во точка 7. Урбан реон - Центар има 05 четврти.

Вкупна површина на подрачјето на опфатот

Границата на плански опфат формира површина од 2292 ха.

2.3 Други релевантни податоци за идентификацијата

Општина Штип , КО Штип 1, КО Штип 2, КО Штип 3, КО Штип 4, КО Штип 5, КО Штип 6

3.Актуелни планови за подрачјето на опфатот

3.1 Преглед на актуелни планови за подрачјето на опфатот на заштитно-конзерваторските основи

3.1.1 Планови од повисоко ниво

Вид	**Просторен план**
Назив	Просторен план на Република Македонија
Доносител	Собрание на Република Македонија
Време на донесување	Јуни 2004 година

Влегување во сила Рок на важење Измени и дополнувања	2004 година 2020година -

3.1.2 Планови од исто ниво

Вид	**Генерален урбанистички план**
Назив	ГУП за Штип 587
Доносител	Совет на општина Штип
Време на донесување	декември 1999 година
Влегување во сила	Со одлука бр. 08-1142/1 од 29. 12. 1999 год.
Рок на важење	
Измени и дополнувања	

Генералниот урбанистички план на град Штип (1999 година) има неколку измени и дополни кои се дадени во продолжение независно од тоа дали во нивните опфати се наоѓаат заштитени подрачја предложени со овие основи:

Извод од план 595
ГУП за град Штип, со Одлука бр. 08-1142/1 од 29.12.1999 год.
(Заштитено подрачје- Градителска целина Ново Село)
Извод од План број 595/1
ГУП: измена и дополнување на ГУП 2010 Штип, со одлука бр. 0701-2108/1 од 02.07.2007 год. Извод за дел од УЕ: 47, 16, 17, и 53
Извод од План број 595/2

ГУП: измена и дополнување на ГУП 2010-Штип, со одлука бр. 0701-3581/1 од 24.11.2006 год.(просторна разместеност на бензински станици)

Извод од план број: 595/3
ГУП: измена и дополнување на стари бунари-Туртел, со одлука бр. 0701-1400/1 од 25.09.2003 год.
Извод од план број: 595/4
ГУП: Измена и дополнување на ГУП 2010 год. со Одлука бр. 0701-309/4 од 19.03.2002 год.
Извод за дел од УЕ: 46

Извод од План број: 595/5
ГУП: за град Штип, со одлука број 07-1986/1 од 20.06.2007 год.
Извод за дел од УЕ: 58 и 59

Извод од план број: 595/6
ГУП: за град Штип, со Одлука бр. 0701-719/1 од 10.06.2005 год.
Извод за дел од УЕ: 14, 35 и 73;

Извод од план на град Штип бр. 451/1
ГУП за град Штип, со Одлука 00-1142/1 од 29.12.1999год. измена и диоплнување на одредбите за споредување на ГУП со Одлука 0701-412/1 од 08.06.2000 год. Измена и дополнување на дел од ГУП за Сењак 4 со одлуки бр. 0701-309/1 од 19.03.2002 год. УЕ 14 и

73 со Одлука 0701-719/1 од 10.06.2005 год. УЕ 47, 16, 17 и 53 со Одлука 0701-2108/1 од 02.07.2007 год. и УЕ 58 и 59 со олука бр. 0701-1986/1 од 20.06.2007 год.

3.1.3 Планови од пониско ниво

Прегледот на деталните урбанистички планови даден во продолжение ги содржи плановите во чии подрачја на опфат има културно наследство.

Список на Детални урбанистички планови за кои се изработени Заштитно конзерваторски основи:

Урбан реон - југ, четврт 01

ДУП за дел од Јужен реон 1, дел од УЕ 9,10,11, КО Штип 5,

Заштитено подрачје: Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,, бб,

НУ Библиотека ,,Гоце Делчев,, еџ леге,

Управна зграда на ул.,,Сташо Пинџур,, бр. 2 и бр. 4

ДУП за дел од Јужен реон 2, дел од УЕ 5, КО Штип 5

Заштитено подрачје: Индувидуална станбена куќа на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр. 11

Индувидуална станбена куќа на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 15

Урбан реон - центар, четврт 01

ДУП за дел од населба ,,Горно Маало,, УЕ 7 и дел од УЕ 3, КО Штип 3

Заштитено подрачје: Архив на Македонија, подрачно одделение-Штип, еџ леге

ДУП за Бело Брдо, дел од УЕ 2, КО Штип 3

Заштитено подрачје : Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 40

Индувидуална станбена куќа на народниот херој Ванчо Пркев на ул.,,Вера циривири,, бр. 15

Урбан реон - југ, четврт 01

ДУП за дел од УЕ 89 и 90 за Ново Село, КО Штип 4

Заштитено подрачје **Ново Село-градителска целина**

Во градителската целина Ново Село со Решение се заштитени 12 профани објекти и 2 сакрални објекти:

1.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
2.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 14
3.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 8
4.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 12
5.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Никола Карев,, бр.2
6.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30
7.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 67
8.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69
9.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26
10.Индувидуален станбен објект-староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45
11.Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36
12.Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село , 1894-1896 година на ул.,,Димитар Влахов,,бб

Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци

Црква ,,Св. Спас

Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83
Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49
Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20
Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74

3.2 Општ приказ на планските решенија во врска со културното наследство

3.2.1. Планови од повисоко ниво

Просторен план на Република Македонија (2004 година)

Прашањето на третманот на културното наследство во Просторниот план на РМ, плански период 2002-2020 година (донесен во 2004 година), опфатено е во Поглавјето 5. Заштита и унапредување на животната средина, природното и културното наследство и развој на туризмот, точка 5.3. Културно-историско наследство.

Во овој дел содржани се податоци за недвижното културно наследство односно спомениците на културата и насоки за негов соодветен третман. Според службената евиденција, наведено е дека во РМ има 11.200 регистрирани и евидентирани споменици на културата, од кои најбројни се археолошките локалитети - 4.260; потоа 1.726 цркви и манастири со над 150.000 м фрескоживопис; 1.213 објекти од старата градска и селска архитектура; 47 кули, тврдини и мостови; 1.026 споменици и спомен-обележја; 126 објекти од исламската архитектура; 24 чаршии и други историски, урбанистичко-архитектонски целини; 32 стопански објекти и повеќе други видови недвижности. Планот содржи и графички прилог - Карта бр. 18: Разместеност на археолошки локалитети и културно-историски споменици

Во врска со третманот на недвижното културно наследство, содржани се цели кои се однесуваат на: задолжителниот третман на недвижното културно наследство во сите видови планови; усогласување на методологијата, критериумите и постапката за валоризација на недвижното културно наследство, а заради класификација, категоризација и утврдување соодветен режим на заштита; планирањето на конзервација, реконструкција и ревитализација на недвижното културно наследство со уредување на околниот простор заради соодветна презентација; измените и дополнувањата на сите видови постојни планови заради нивно усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство; потребата од усогласување и утврдување на единствена методологија, критериуми и постапка за валоризација на недвижното културно наследство.

Со Планските определби утврдена е обврската сите видови на просторни и урбанистички планови да содржат плански мерки за заштита на градителското наследство, а деталните урбанистички планови да содржат мерки и за третманот на спомениците на културата. Тоа значи обврска информационо-документацискатa основа на планот да содржи анализа и документација за постојната состојба и валоризација на недвижното културно наследство во рамките на планерскиот опфат, што претставува основа за неговата класификација, категоризација и утврдување на режимот на заштита. Податоците за состојбите, инвентаризација со класификација, валоризација со категоризација и насоките за режимот на заштита на недвижното културно наследство, треба да ги обезбедуваат надлежните стручни организации за заштита, во согласност со критериумите за вреднување утврдени со пропис, а доколку тие не се пропишани, врз основа на општоприфатените научни критериуми (научна валоризација).

Понатаму, наведено е дека концептот на организација на просторната или урбаната агломерација, содржана во нацртот и предлогот на просторниот или урбанистичкиот план, од аспект на заштитата на недвижното културно наследство треба да определи и утврди: зони за заштита на споменични целини и поединечни споменици, со диференциран режим на заштита; контактни зони (критичен периметар) за поединечни споменици, со кои се утврдува односот помеѓу старото и новото, со специфични услови за градба во одделни подзони; предлог за ревитализација на најзначајните споменички целини и споменички објекти, со предлози за нивното наменско користење и вклопување во просторната организација; резервирани зони за идни археолошки истражувања.

Во насоките за заштита во просторните и урбанистичките планови, покрај предвидување на планските мерки за заштита на недвижното културното наследство, се предвидува можност за одделни делови со особени културни вредности да се укаже на потребата за донесување на планови од пониско ниво, детални урбанистички планови или урбанистички проекти, како и за изработка на проекти за санација и реконструкција.

За потребите на Просторниот план на РМ тогашниот Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје (сега Национален конзерваторски центар, Скопје) има изработено "Студија за заштита на недвижното културно наследство на ниво на Просторен план на Република Македонија" (бр. 07-1352 од 20.10.1998 година), чии делови се вградени во горенаведените цели и плански определби.

Студијата е дел од Документацискатa основа на Просторниот план на РМ и покрај другото, содржи и Инвентари на регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата (по општини и по видови), изработени според службената евиденција која во тој период ја водеше Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

3.2.2. Планови од исто ниво

Генералниот урбанистички планна град Штип (1999 година) има неколку измени и дополни кои се дадени во продолжение независно од тоа дали во нивните опфати се наоѓаат заштитени подрачја предложени со овие основи:

Извод од план 595

ГУП за град Штип, со Одлука бр. 08-1142/1 од 29.12.1999 год.

Во точка 3.5.6 со наслов Културно- историско наследство (градителско наследство) во текстуалниот дел се спомнува Ново Село како амбиентална целина која треба да биде заштитена и ревитализирана. Во 80-тите години направен е детален план на овој простор од градот во кој спомениците се поделени по категории, извршено е вреднување на одделни објекти и амбиентални целини и е одреден начин на кој може да се реализира нивната ревитализација, меѓутоа во меѓувреме се реализираа неколку објекти при што не беа почитувани условите дадени од Заводот за заштита на спомениците на град Штип. Така Ново село почна да губи од својата вредност. Голема грешка е што се дозволи и асфалтирање на дел од ул.,,Никола Карев,, и ,,Крсте Мисирков,, . За спомениците на културата во централната зона на градот овој ГУП ништо не предвидува освен што констатира дека 18 споменици на културата се во централниот дел на градот.

Извод од План број 595/1

ГУП: измена и дополнување на ГУП 2010 Штип, со одлука бр. 0701-2108/1 од 02.07.2007 год. Извод за дел од УЕ: 47, 16, 17, и 53.

Извод од План број 595/2

ГУП: измена и дополнување на ГУП 2010-Штип, со одлука бр. 0701-3581/1 од 24.11.2006 год.(просторна разместеност на бензински станици).

Извод од план број: 595/3

ГУП: измена и дополнување на стари бунари-Туртел, со одлука бр. 0701-1400/1 од 25.09.2003 год.

Извод од план број: 595/4

ГУП: Измена и дополнување на ГУП 2010 год. со Одлука бр. 0701-309/4 од 19.03.2002 год.

Извод за дел од УЕ: 46.
Извод од План број: 595/5
ГУП: за град Штип, со одлука број 07-1986/1 од 20.06.2007 год.
Извод за дел од УЕ: 58 и 59.
Извод од план број: 595/6
ГУП: за град Штип, со Одлука бр. 0701-719/1 од 10.06.2005 год.
Извод за дел од УЕ: 14, 35 и 73.

Извод од план на град Штип бр. 451/1
ГУП за град Штип, со Одлука 00-1142/1 од 29.12.1999год. измена и дополнување на одредбите за споредување на ГУП со Одлука 0701-412/1 од 08.06.2000 год. измена и дополнување на дел од ГУП за Сењак 4 со одлуки бр. 0701-309/1 од 19.03.2002 год. УЕ 14 и 73 со Одлука 0701-719/1 од 10.06.2005 год. УЕ 47, 16, 17 и 53 со Одлука 0701-2108/1 од 02.07.2007 год. и УЕ 58 и 59 со олука бр. 0701-1986/1 од 20.06.2007 год.

ГУП за град Штип, со Одлука бр. 08-1142/1 од 29.12.1999 год.
Подрачјето на опфатот на овој план е поголем од прелиминарното подрачје на опфатот на ГУП на град Штип 2014-2024 и е поделено на 5 урбани реони поделени на 39 четврти. Урбан реон-Север со 11 четврти, Урбан реон-Исток со 07 четврти, Урбан реон-Југ со 08 четврти, Урбан реон-Запад со 08 четврти и Урбан реон-Центар со 05 четврти. За овој план не се работени заштитно конзерваторски основи за културно наследство.

3.2.3 Планови од пониско ниво

Деталните урбанистички планови дадени во продолжение ги содржат само плановите во чии подрачја на опфат има културно наследство односно се наоѓаат заштитени подрачја кои се предлагаат со овие Заштитно-конзрваторски основи. Податоците за плановите дадени се по Урбани реони од ГУП на град Штип 2014-2024 година.

Урбан реон-Југ, четврт 01

Заштитено подрачје: Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,, бб,
НУ Библиотека ,,Гоце Делчев,, ех леге,
Управна зграда на ул.,,Сташо Пинџур,, бр. 2 и бр. 4
ДУП за дел од Јужен реон 1, дел од УЕ 9, 10, 11, КО Штип 5

За овој план се изработени заштитно-козерваторски основи за културно наследство, за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено Решение за одобрување на основите со бр.УП 17-372 од 27. 05. 2013 година.

Заштитено подрачје: Индувидуална станбена куќа на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр. 11
Индувидуална станбена куќа на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 15
ДУП за дел од Јужен реон 2, дел од УЕ 5, КО Штип 5
За овој план се изработени заштитно-козерваторски основи за културно наследство, за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено Решение за одобрување на основите со бр. УП 17-948 од 14. 11. 2013 година.

Урбан реон-Центар, четврт 01

Заштитено подрачје: Архив на Македонија, подрачно одделение-Штип, ед. леге
ДУП за дел од населба ,,Горно Маало,, УЕ 7 и дел од УЕ 3, КО Штип 3

За овој план се изработени заштитно-козерваторски основи за културно наследство, за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено Решение за одобрување на основите со бр. УП 17-1270 од 29. 12. 2011 година. Основите се вградени во планот.

Заштитено подрачје : Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 40
Индувидуална станбена куќа на народниот херој Ванчо Пркев на ул.,,Вера Циривири,, бр. 15
ДУП за Бело Брдо, дел од УЕ 2, КО Штип 3

За овој план се изработени заштитно-козерваторски основи за културно наследство, за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено Решение за одобрување на основите со бр. УП 17-232 од 27. 09. 2012 година.

Урбан реон-Југ, четврт 04

Заштитено подрачје: Ново Село-градителска целина

Во градителската целина Ново Село со Решение се заштитени 12 профани објекти и 2 сакрални објекти:
Заштитени подрачја:
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 14
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 8
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 12
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Никола Карев,, бр.2
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 67
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26
Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45
Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36
Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село , 1894-1896 година на ул.,,Димитар Влахов,,бб

Сакрални објекти:
Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци
Црква ,,Св. Спас,,

Во опфатот на овој план се наоѓаат објекти кои се предлагаат за заштитени добра со овие основи:
Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83
Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49
Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20
Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74
ДУП за дел од УЕ 89 и 90 за Ново Село, КО Штип 4

За овој план се изработени заштитно-козерваторски основи за културно наследство, за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено Решение за одобрување на основите со бр. УП 17-556 од 20. 09. 2013 година.

Заклучок: Важечките ДУП-ови за просторот во централното градско подрачје не го третираат културното наследство, што значи дека во ниеден план не се вградени, освен ДУП за Ново Село во кој е даден општ пристап на заштита, односно истиот е превземан од ГУП на град Штип. За прв пат во овие планови со изработените заштитно-конзерваторски основи се дава соодветен третман и режим на заштита на културното наследство, но горе наведените ДУП-ови сеуште не се донесени на Собрание на општина Штип.

3.3 Оценка на имплементираност на планските решенија и нивен одраз врз споменичкото наследство

3.3.1 Планови од повисоко ниво

За предметното подрачје на опфатот (урбан опфат на град Штип) Просторниот план на РМ досега не е имплементиран преку изработка на Просторен план на Источен плански регион.

3.3.2 Планови од исто ниво

ГУП на град Штип од 1999 година и неговите изменувања и дополнувања, наведени погоре досега се имплементирани преку повеќе донесени детални урбанистички планови за различни делови од опфатот. Во донесените детални урбанистички планови постапувано е според решенијата на примарната сообраќајна мрежа предвидена со ГУП, меѓу кои има и такви што имаат негативен одраз врз споменичкото наследство (ДУП Бело Брдо во кој предвидена сообраќајница треба да поминува низ КП на заштитено добро, од страна на надлежните служби за заштита на културното наследство во многу наврати е укажувано дека треба да се стави вон функција како примарна сообраќајница и дека треба за неа да се предвиди нова траса).

3.3.3. Планови од пониско ниво

Досегашната имплементација на донесените детални урбанистички планови нема негативен одраз врз културното наследство што се предлага со овие основи.

Досегашната имплементација на донесените детални урбанистички планови и нејзиниот одраз врз културното наследство може да се анализира преку плановите донесени пред 1 јануари 2005 година, од кога е отпочната примената на Законот за заштита на културното наследство и преку плановите донесени после тоа.

Во првиот случај, плановите се работени без Заштитно-конзерваторски основи за односните подрачја на опфат, така што службите за заштита на културното наследство скоро да немале никакво влијание на обезбедувањето соодветен третман на истото во плановите, дури и кога во некои случаи се барани мислења истите не биле почитувани.

Во вториот случај, за најголем број од плановите се изработувани Заштитно-конзерваторски основи за културно наследство доколку во предметните подрачја на опфат имало заштитени недвижни добра, но основите не се секогаш во целост почитувани. Во тој контекст треба да се согледа одразот на несоодветните сообраќајни решенија на примарната сообраќајна мрежа, предвидени со ГУП од 1999 година. Како пример ја посочуваме ул.,,Гоце Делчев,, и ул.,,Ванчо Прќе,,. Исто се однесува и за ДУП Јужен реон 2 каде се предвидува рушење на културните добра и изградба на нови објекти со сосема нови габарити и намена

4. Инвентаризација на недвижни добра во границите на опфатот на Заштитно-конзерваторските основи

4.1. Инвентар на заштитени недвижни добра во границите на опфатот на Заштитно-конзерваторските основи

Заради согледување на разновидноста на културното наследство во опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи, заштитените добра се класифицирани според Националната класификација на културното наследство во Република Македонија. Класификацијата на културното наследство во овие Заштитно-конзерваторски основи, покрај во поглавјето за инвентаризација на недвижни добра, содржана е и во поглавјето за мерки на заштита односно во деловите за валоризација и ревалоризација. Бидејќи овде прашањето на класификацијата на културното наследство се појавува првпат, одредени појаснувања за нејзината содржина се наведени во ова поглавје, но истите се однесуваат и на другите поглавја.

Националната класификација на културното наследство во РМ е стандард на типолошка класификација што се употребува за идентификација на културното наследство за службени потреби, по класи, групи, подгрупи, видови и типови, со шифри и официјални називи

За ГУП од примарна важност е недвижното културно наследство, кое опфаќа три основни видови добра: **споменик**, **споменичка целина** и **културен предел**.

Споменици според Законот за заштита на културното наследство се поединечни градби, односно дела на архитектурата и на градежништвото или нивни делови или остатоци, вклучувајќи ги елементите и структурите од археолошки карактер, скулпторски, сликарски или дела на применетата уметност и на техничката култура трајно поврзани за одредена средина, натписи, пештерни живеалишта, надгробни споменици, меморијални објекти и обележја поврзани со значајни настани и истакнати личности, други поединечни недвижни добра од културно и историско значење, заедно со инсталациите, украсните елементи и другите движни предмети што се трајно споени за самата градба или трајно служат за нејзино искористување. Покрај оние за кои се донесени акти за заштита, споменици се сметаат и зградите чија главна и ефективна намена е чување или изложување на движно културно наследство, како и посебните скривници определени за сместување на движното културно наследство во случај на вооружен судир. Спомениците како вид недвижно културно наследство поделени се на четири групи: **верски објекти** (подгрупи: градби на праисториски и антички религии; градби на јудаизмот; градби на христијанската религија; градби на исламската религија); **цивилни објекти** (подгрупи: објекти на управа, правосудство, администрација и финансии; објекти со здравствено-хигиенска функција; објекти за социјална заштита; објекти за спорт, рекреација и забава; станбени објекти; архитектонско-скулптурни објекти, јавна пластика, урбана опрема, епиграфски споменици и друго; историски објекти; објекти на културата, науката и образованието; земјоделски објекти и постројки; занаетчиско-индустриски објекти и постројки; трговски и угостителски објекти; јавни градежни и комунални објекти); **воени објекти** (подгрупи: фортификациски

објекти; други воени објекти) и **гробни објекти** (подгрупи: гробни објекти и надгробни споменици; погребни објекти).

Споменички целини се урбани, рурални и други населби или нивни делови и остатоци, вклучувајќи ја опремата на населбите, земјоделски, индустриски и други стопански комплекси и изолирани или поврзани групи градби коишто со своето единство или вклопеност во пејсажот сочинуваат топографски определена целина. Покрај оние за кои се донесени акти за заштита, споменички целини се сметаат и центрите во кои се наоѓаат значаен број на споменици и движно културно наследство, определени како објект на заштита во случај на вооружен судир. Споменичките целини како вид недвижно културно наследство опфаќаат две групи: **населени места** (подгрупи: населби; делови од населби) и **споменички целини со различна намена** (подгрупи: фортификациски целини; комплекси од религиозен карактер; стопански комплекси; здравствено-хигиенски и рекреативни комплекси; административно-управни и резиденцијални комплекси; комплекси од научно-образовен и културен карактер; меморијални комплекси; комплекси градби со комбинирана функционална поврзаност).

Културни предели се посебни делови од пејзажот коишто се истакнуваат како области на специфична интеракција на човекот и природата, односно како делумно изградени и уредени подрачја, културни места, места поврзани со битки или други значајни настани, градишта, некрополи и други археолошки наоѓалишта или места што сведочат за постоењето на човекот во просторот и времето, неговите активности, начин на живеење, обичаи, верувања или посебни традиции. Културните предели поделени се на две групи: **култивирани подрачја** (подгрупи: историско-меморијални подрачја и места; етноподрачја; археолошки подрачја; гробни подрачја - уредени; урбанизирани и/или просторно уредени подрачја со препознатливи амбиентално-архитектонски и други карактеристики) и **други културни предели** (подгрупи: културен пејсаж; подрачја од научен интерес).

Во сите делови од овие Заштитно-конзерваторски основи каде класификацијата на културното наследство е предметна, недвижните добра се групирани по видови:

- **Вид: Споменик**;
- **Вид: Споменичка целина**;
- **Вид: Културен предел**;

Инвентарот на заштитени недвижни добра содржи класификација по: вид, група, подгрупа и тип.

Класификацијата на добрата кои се заштитени според Законот за заштита на културното наследство е содржана во нивните акти за заштита односно истата е официјална.

Класификацијата на добрата кои се заштитени според Законот за заштита на спомениците на културата (споменици на културата, кои не биле предмет на ревалоризација според Законот за заштита на културното наследство), овде дадената класификација е прелиминарна бидејќи во актите за нивна заштита овие добра не се класифицирани. Таквата прелиминарна класификација е според сегашната намена на добрата или според поранешната ако немаат нова намена.

4.1 Инвентар на заштитени добра

Во подрачјето на опфатот се наоѓаат: споменичка целина Ново Село, во која спаѓаат 2 сакрални објекти и 11 профани објекти; споменичка целина објекти на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41, 45; 5 сакрални православни објекти; 1 сакрален исламски објект; 3 објекти од исламска архитектура; 1 археолошки локалитет, 2 објекта, ех леге, 20 профани објекти и 1 објект од јудистичка архитектура.

Инвентарот на заштитени недвижни добра е даден според поделбата на Урбани реони на ГУП на град Штип 2014-2024 година Податоците за заштитените недвижни добра детално се дадени во табеларен преглед во *Прилог 1. Инвентарна листа на заштитени добра во границите на ГУП на град Штип(2014-2024)*

Инвентарот на заштитени недвижни добра прикажан е во графичкиот прилог *Лист бр. 01-*

Инвентар на заштитени добра

Урбан реон-Центар, четврт 01

Во границите на Урбан реон-Центар, четврт 01 се наоѓаат следните заштитени добра:
Класификација на доброто:
Класа 1. Недвижно културно наследство
Вид 1.1 Споменик
Група 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа 1.1.2.11 Јавни и трговски објекти
Тип 1.1.2.11.2 Безистен
-**БЕЗИСТЕН** (Решение за прогласување на значајно културното наследство Уп.бр.18-64 од 17. 03. 2014 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство-Скопје)

Класификација на доброто:
Класа 1. Недвижно културно наследство
Вид 1.1 Споменик
Група 1.1.1 Верски објект
Подгрупа 1.1.1.3 Градби на христијанската религија
Тип 1.1.1.3.1 Црква (храм)
-**Црква Св.Никола** (Решение за утврдување на споменик на културата бр. 1101-123/1 од 23.02.1994 ЗЗСК Штип)
-Црква ,,Св. Архангел Михаил,, (Фитијата) (Решение за утврдување својство споменик на културата бр. 1101-115/1 од 23.02. 1994 год. ЗЗСК Штип)
-Црква ,,Св. Архангел Главатов,, (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-117/1 од 23. 02. 1994 од ЗЗСК Штип)
-Црква ,,Св. Јован,, (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-59 од 23. 02. 1994 од ЗЗСК Штип.

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.12 Јавни градежни и комунални објекти
Тип: 1.1.2.12.10 Саат-кула
-Саат кула (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-120/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.2 Споменичка целина
Група: 1.2.2 Споменичка целина
Подгрупа: 1.2.2.1 Фортификациски целини
Тип: 1.2.2.1.3 Тврдина
-Археолошки локалитет Исар (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0901-110/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.2 Споменичка целина

Група: 1.2.1 Населени места
Подгрупа: 1.2.1.2 Делови од населби
Тип: 1.2.1.2.1 Градски кварт
-Споменичка целина објекти на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41 и 45
Доброто со бр. 31 се наоѓа на КП 7428
Доброто со бр. 33 се наоѓа на КП 7427
Доброто со бр. 41 се наоѓа на КП 7408
Доброто со бр. 45 се наоѓа на КП 7405
Решение за прогласување на значајно културно наследство Уп.бр. 18-217 од 18. 07. 2012 година донесено од Управата за заштита на културното наследство - Скопје.

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1,2.5.5 Куќа
-Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 3 (Решение за значајно културно наследство бр. Уп.бр.18-219 од 03.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје)

-Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 7 (Решение за значајно културно наследство бр. Уп.бр.18-218 од 03.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје)

-Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 55 и 57 (Решение за значајно културно наследство бр. Уп.бр.18-216 од 27.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје)
-Објект – Митрополија на Брегалничка епархија (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0701-24 од 16. 02.1998 година од ЗЗСК Штип)

-Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бб (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-115 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.18 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-116 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Кузман Јосифовски,,бб (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-117 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,,бр.68 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-119 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.62 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-118 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.20 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-128 од 18.09.1997 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8, и Ул.,,Маршал Тито,, бр.2 (Решение за утврдување на својство на споменик на културата бр. 0801-166/1од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект на браќа Арсови (Љупчо и Тошо) на ул.,,Маршал Тито,, бб (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-25/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

-Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр.40 (Гарни) (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-72 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.11 Трговски и угостителски објекти
Тип: 1.1.2.11.4 Магаза

-Магаза (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0701-68 од 30.04.1998 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1. 2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.1 Објекти од управа, правосудство, администрација и финансии
Тип: 1.1.2.1.4 Банка

-**Административна зграда –банка (**Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-114 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.7 Историски објекти
Тип: 1.1.2.7.1 Објекти во кој живееле или престојувале познати личности
-Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прќев на ул.,,Вера Циривири,, бр.15 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1001-26/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Урбан реон - Центар, четврт 02-03
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.12 Јавни градежни и комунални објекти
Тип: 1.1.2.12.16 Мост
-Кучук Емир султанов мост (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-21/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Забелешка: Во Урбан реон- Центар во чертврти 04, 05, нема заштитени недвижни добра

Урбан реон-Југ, четврт 01
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.1 верски објекти
Подгрупа: 1.1.1.4 Градби од исламска религија
Тип: 1.1.1.4.1 Џамија (храм)

-Хуса Мелин пашина џамија (Решение за прогласување на значајно културно наследство Уп.бр.18-155 од 15.05. 2014 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство-Скопје)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти од културата, науката и образованието
Тип: 1.1.2.8.15 Училиште
-Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,,бб (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0701-67 од 30.04.1998 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти од културата, науката и образованието
Тип: 1.1.2.8.2 Библиотека
-НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев,, *ЕХ ЛЕГЕ* (Решение за регистрација на недвижно културно наследство Уп. Бр. 18-175 од 19. 03. 2013 год.)

Урбан реон-Центар, четврт 01
Заштитено добро Ех леге-Архив на Македонија, Подрачно одделение - Штип

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
-Индувидуален станбен објект на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр.11 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-35 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр.15 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-31 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Урбан реон-Југ, четврт 02 нема заштитено недвижно добро
Урбан реон-Југ, четврт 03 нема заштитено недвижно добро

Урбан реон-Југ, четврт 04

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христјанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Храм (црква)
-Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци (Решение за утврдување на својство на споменик на културата бр. 1101-122/1 од 23.02. 1994 год. ЗЗСК) Штип
-Црква ,,Св. Спас,, (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-116/1 од 23. 02. 1994 од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.2 Споменичка целина
Група: 1.2.2. Споменичка целина со различна намена
Подгрупа: 1.2.2.8 Комплекси градби со комбинирана функционална побрзаност
Тип: 1.2.2.8.1 Комплекси градби со повеќе функции
-Ново Село-Штип, Градителска целина (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-71 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип

Поединечни заштитени недвижни добра во градителската целина Ново Село-Штип:
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-167/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 14 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-168/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 8 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-169/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 12 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-170/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Никола Карев,, бр.2 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-171/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-172/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 67 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-173/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-174/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-175/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-176/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти

Подгрупа: 1.1.2.7 Историски објекти
Тип: 1.1.2.7.1 Објекти во кој живееле или престојувале познати личности
-Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-179/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти на културата, науката и образованието
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда
Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,,бр.68 е граден 1930 година, со приземје и кат, со два конзолни балкони оградени со амфорести керамички елементи. Во средниот дел на катот е издигнат парапет со медаљон во кој се изведени симболи и датата на изведбата.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.62,** КП 7517/6 КО Штип 5

Контактна зона: од север оска на ул.,,Тошо Арсов,, од исток 7517/5, од југ КП 7521/1, 7521/3, од запад КП 7517/2

(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-118 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда

Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр. 62, е граден 1930 година, приземје и кат, класичен тип на градба, фасадата е со три исфрлени балкони оградени со амфорести елементи.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.20,** КП 7459

Контактна зона: од север зградата на УЈП, од исток Плоштадот со КП 7515/1, од југ оска на ул.,,Маршал Тито,, од запад оска на ул.,,Кузман Јосифовски,,

(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-128 од 18.09.1997 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда

Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.20, е граден 30-тите години на 20 век, приземје и два ката, со три фасади, запад, југ и исток, доминира јужната со игра на тераси и прозори и со различно фасадно обликување на прв и втор кат. Во приземјето се наоѓала првата аптека во градот.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8, и Ул.,,Маршал Тито,, бр.2**

КП 7495

Контактна зона: на север и на запад оска на ул.,,Тошо Арсов,, со КП 7493, на исток КП 7515/1, на југ оска на ул.,,Маршал Тито,, со КП 6774/1.

(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-166/1од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик

Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда
Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8, и Ул.,,Маршал Тито,, бр.2 е објект кој е изграден во 60-тите од 19 век, лоциран во близина на црквата Св. Никола и истиот поседува квалитети на развиена македонска старогрдска архитектура на приземје и кат.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на браќа Арсови (Љупчо и Тошо) на ул.,,Маршал Тито,, бб** КП 7495
Контактна зона: на север и на запад оска на ул.,,Тошо Арсов,, со КП 7493, на исток КП 7515/1, на југ оска на ул.,,Маршал Тито,, со КП 6774/1.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-25/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда
Индувидуален станбен објект на браќа Арсови (Љупчо и Тошо) на ул.,,Маршал Тито,, бб е родна куќа на браќата Арсови, Љупчо и Тошо, со карактеристични елементи на старогрдска архитектура, градена во втора половина на 19 век.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прќев на ул.,,Вера Циривири,, бр.15,** КП 6623
Контактна зона: од север КП 6911, од исток КП 6619, од југ оска на ул.,,Вера Циривири,, со КП 6906 и од запад КП 6624
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1001-26/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.7 Историски објекти
Тип: 1.1.2.7.1 Објекти во кој живееле или престојувале познати личности
Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прќев на ул.,,Вера Циривири,, бр.15 е од историско значење, од старогрдска архитектура без посебни карактеристики со приземје и кат. Датира од крајот на 19 век.

Општи вредност: историска
Својства: старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр.40 (хотел Гарни)**, КП 6654
Контактна зона: на север по оска на ул.,,Вера Циривири,,на исток КП 6651, на југ оска на ул.,,Маршал Тито,, која се спојува на запад со оска на ул.,,Вера Циривири,,
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-72 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда

Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр.40 (Гарни) настанат во 30-тите години на 20 век, во класичен стил на градба на експонирано место во градот. Еден од ретките репрезентативни објекти од овој стил и архитектонска сочуваност

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Урбан реон- Центар , четврт 02

Заштитено подрачје- **Кучук Емир султанов мост**
КП 832/1 контактна зона: на исток крак на ул.,,ЈНА,, КП 4441 на запад крак на ул.,,Брегалничка,, со КП 1406
Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-21/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.12 Јавни градежни и комунални објекти
Тип: 1.1.2.12.16 Мост
Кучук Емир султанов мост е граден пред 1672 година на р. Брегалница.

Општи вредност: градежна, историска
Својства: автентичност, зачуваност
Функција: комуникациска
Значење: културно-историско, општествено

Урбан реон- Југ , четврт 01
Заштитено подрачје- **Хуса Мединпашина џамија** КП 9891/1
контактна зона: На север КП 8392 и КП 8405, на исток КП 8391 и КП 8406, на југ КП 8407, КП 9919 и на запад КП 9891/2, КП 9891/3 Адреса: Ул. ,,Ленинова,, бб
(Решение за прогласување на значајно културно Уп.бр.18-155 од 15.05. 2014 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.1 верски објекти
Подгрупа: 1.1.1.4 Градби од исламска религија
Тип: 1.1.1.4.1 Џамија (храм)

Хуса Мединпашина џамија е градена во втора половина на 16 век. Еден од најстарите исламски споменици на културата со историски, архитектонски и уметнички вредности.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: верска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,,бб**
КП 9237 КО Штип5
Контактна зона: на север по оска на ул.,,Цветан Димов,, со КП 9265, на исток ул.,,Цветан Димов,,, на југ КП 9248 и на запад ул.,,Борко Талев,, со КП 8352/1
Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0701-67 од 30.04.1998 година од ЗЗСК Штип
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти од културата, науката и образованието
Тип: 1.1.2.8.15 Училиште
Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,,бб е градена на крај на 19 век, со полувкопан подрум,приземје и кат со квадратна форма во основа.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: воспитно-образовна
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр.11**
КП 8343 КО ШТИП 4 Контактна зона: од север КП 8323 на исток Кп 8342, на југ ул.,,Страшо Пинџур,, со КП 8349 и на запад ул.,,Љубен Иванов,, со КП 8328
Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-35 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
Индувидуален станбен објект на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр.11 е граден во 19 век, со елементи карактеристични на исламска градска куќа.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр.15** е граден во 19 век, со елементи карактеристични на исламска градска куќа.
КП 8342 Контактна зона: од север КП 8323, Кп 8322, од исток КП 8345 на југ ул.,,Страшо Пинџур,, и на запад КП 8343

Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-31 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип

Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр.15 е граден во 19 век, со елементи карактеристични на исламска градска куќа.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Урбан реон- Југ , четврт 04

Сакрални објекти во градителската целина Ново Село

- **Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци**

КП 8690 КО Штип
Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-122/1 од 23.02. 1994 год. ЗЗСК Штип

Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христјанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Храм (црква)

Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци настаната во период од 1836-1850 година од Андреј Дамјанов и неговата тајфа (неговите браќа Никола Ѓорѓи и Коста). Има базиликална форма со трикорабна диспозиција со галерија. Богата со резба, живопис и икони.

Општи вредност: архитектонска, историска, уметничка
Својства: автентичност, зачуваност, старост, разновидност
Функција: верска
Значење: културно-историско, уметничко, општествено

- **Црква ,,Св. Спас,,**

КП 9563
Адреса: Ул.,,Никола Карев,,бб
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-116/1 од 23. 02. 1994 од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христјанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Храм (црква)

Црква ,,Св. Спас,, е градена пред 1388 година, мала еднокорабна, со фрескоживопис од 1388 и 1601 година.

Општи вредност: архитектонска, историска, уметничка
Својства: автентичност, зачуваност, старост, разновидност

Функција: верска
Значење: културно-историско, уметничко, општествено

Заштитено подрачје- **Ново Село-Штип-градителска целина**
Контактна зона: Од север започнува во точка 100А која се наоѓа северно од точката 100 која е дел од границата на спомeничката целина и се наоѓа на оската на ул.,,Димитар Влахов,,. Растојанието помеѓу овие две точки е 66.7м. Точката 100А е место на крајниот десен брег на р. Отиња каде се вледа во р. Брегалница. Границата се движи кон исток по линијата на десниот брег на р. Отиња до точка 64 Б од која започнува источната граница на контактната зона, ја сече р. Отиња, ул. ,,Крсте Мисирков,, низ точката 64А која се наоѓа на растојание од 64 од 49,5 м, сече дел од КП 9558, 9562, ја сече ул. ,,Никола Карев,, и се движи по источната страна на КП 9566, до крајната јужна точка на наведената КП. Од ова точка границата продолжува низ јужните граници на КП 9566, 9565/3, 9656/1, 9564 до точка 61А. Од точката 61А во правец југозапад границата завршува во точката 24Б на растојание 162 м. На југ границата на контактната зона минува низ точка 24А оддалечена 99 м од 24Б, а 20м од точката 24 која е најјужната и воедно највисоката точка на границата на спомeничката целина. Јужната граница продолжува во надолна линија низ точката 85А која е на растојание од 35 м од точка 85 , а 142м оддалечена од 24А. Границата завршува во точката 85Б на крајниот десен брег на р. Брегалнца од која започнува западната граница на контактната зона. Истата се движи по крајниот десен брег на р. Брегалница до 100Б која е на растојание од 56.9 м од почетната точка 100А и е воедно ширина на речното корито. Вака оформената граница на контактната зона претставува природна граница: од запад и север р. Брегалница, од исток р. Отиња и од југ ридот Кумлак.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-71 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип) КОШтип4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.2 Спомeничка целина
Група: 1.2.2. Спомeничка целина со различна намена
Подгрупа: 1.2.2.8 Комплекси градби со комбинирана функционална побрзаност
Тип: 1.2.2.8.1 Комплекси градби со повеќе функции
Ново Село-Штип-градителска целина е основана за време на Султан Мурат ИИ (1421-1451), но како постојана населба за живеење во почетокот на 18 век. Станбениот фонд, денес е околу 310 куќи од кои останати се куќи градени во 19 век, од прва половина на 20 и куќи градени во поново време. Објектите се со карактеристична старограднска архитектура и збиеност на парцелите. Постојат фурни, чешми, бунари и казаници.
Општи вредност: урбанистичка, амбиентална, социолошка вредност
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Во состав на Ново Село се наоѓаат следните заштитени недвижни добра
Класификација и основни карактеристики
Класификација
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Општи вредност: архитектонска, документарна, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

- Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34 КП 9066/1 Изградена е во почеток на 20 век, со карактеристична архитектонска разиградост на фасадата, со еркери и складност на прозорските отвори.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-167/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 14 КП 9002 Граден крај на 19 век на главната сообраќајница.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-168/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 8 КП 8686 Граден втора половина на 19 век со приземје и кат, исфрлени еркери, симетрично поставени прозори.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-169/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 12 КП 8963 Граден крај на 19 век. Приземје и кат.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-170/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Никола Карев,, бр.2 КП 9005 изграден во втора половина на 19 век на стрмен терен.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-171/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30 КП 9067/1 Граден во втора половина на 19 век со приземје и кат со карактеристичен чардак.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-172/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 67 КП 9009 Граден во втора половина на 19 век, со дуќан во приземјето и кат со балкон со ограда од ковано железо.
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-173/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69 КП 9014
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-174/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26 КП 9057 и 9056
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-175/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45 КП 8691 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.0801-176/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36 КП 8910
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-179/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.7 Историски објекти
Тип: 1.1.2.7.1 Објекти во кој живееле или престојувале познати личности

Општи вредност: историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

- Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село , 1894-1896 година на ул.,,Димитар Влахов,,бб
КП 8678/1
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1001-23/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти на културата, науката и образованието
Тип: 1.1.2.8.14 Училиште

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: воспитно-образовна
Значење: културно-историско, општествено

Урбан реон- Југ , четврт 05
Заштитено подрачје **-Црква ,,Св. Троица,, (Чепреганова)** КП 10684
контактна зона: северозапад КП 10683, исток 10919, на југ 10692-капелата, КП 10687 на југозапад.
адреса: КО Штип 6
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-129 од 18.09.1997 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христијанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Црква (храм)
Црква ,,Св. Троица,, (Чепреганова), изградена во период од 1922-1925 година со ктиторство на Тодор Михаил Чепреганов. Црквата во својата основа е решена во вид на рамнокрак крст кој е изразен и на кровот со полукружна купола прифатена на четири столбови.

Општи вредности: архитектонска
Својства: автентичност, зачуваност
Функција: верска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Еврејски гробишта** КП 488 и на дел од КП 124/1 со координати x 41 43 295 и s 22 11 015 Надморска висина 310 м и површина 8810м2.
Граници на доброто: го опфаќа централниот дел од КП 488, односно со точките одредени според државниот координатен систем:

точка 11- x 621329.282 s 598463.165
точка 12- x 621329.794 s 598490.250
точка 13- x 621290.694 s 598496.153
точка 14- x 621236.545 s 598531.090
точка 15- x 621224.089 s 598518.630
точка 16- x 621217.012 s 598502.615
точка 17- x 621241.779 s 598474.587
точка 18- x 621266.463 s 598472.584
точка 19- x 621272.997 s 598455.869
точка 20- x 621282.067 s 598450.633

Контактна зона: границите се според следниве точки:

точка 1- x 621350.256 s 598443.855
точка 2- x 621334.048 s 598509.509
точка 3- x 621280.978 s 598518.225
точка 4- x 621235.070 s 598538.838
точка 5- x 621221.956 s 598524.527
точка 6- x 621221.367 s 598502.292
точка 7- x 621236.096 s 598469.075
точка 8- x 621260.334 s 598469.075
точка 9- x 621266.451 s 598446.623
точка 10- x 621330.995 s 598429.392

Решение за прогласување на недвижното добро за значајно културно наследство бр. 08-811/6 од 26.05.2009 година донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје
Поседовен лист: 1987 – КП 123/1 и поседовен лист: 1947 – КП 488 и КП 123/1 КО Ново Село-Штип 4

Еврејските гробишта датираат од 19 век до 1943 и се наоѓаат на 2,5 км надвор од градот , на левиот брег на р. Брегалница. Некрополата е поделена на три сегменти, односно сектори кои се најверојатно резултат од неколкуте последователни обновувања и проширувања. На некрополата се присутни три типа на гробни обележја, а сите во основа имаат плоча со поголеми димензии над која е формиран споменикот.

Општи вредности: историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: верска
Значење: културно-историско, општествено

Урбан реон-Исток , четврт 02

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски на ул.,,Славчо Стојменски,, бр. 29,** КП 6426
Контактна зона: од север КП 6384/1, од исток 6421, 6423, од југ оска на ул.,,Славчо Стојменски,, со КП 6581/5, од запад КП 6385
Адреса: ул.,,Славчо Стојменски,, бр. 29
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1001-24/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.7 Историски објекти
Тип: 1.1.2.7.1 Објекти во кој живееле или престојувале познати личности

- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски на ул.,,Славчо Стојменски,, бр. 29** е со историска вредност, врзана за личноста на Народниот херој Славчо Стојменски.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев,,** ***ЕХ ЛЕГЕ***
КП 8393
Адреса: ул.,,Вита Поп Јорданова,, бр. 5

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти од културата, науката и образованието
Тип: 1.1.2.8.2 Библиотека
НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев,, ***ЕХ ЛЕГЕ*** е градена 1974-1978
Граден е од современи материјали, на стрмен терен пратејќи го истиот, со што се образуваат разиграни каскадни фасади во шест ката, кои асоцираат на старограда архитектура.
Функција: научна

Заштитено подрачје **- Заштитено добро Ех леге – Архив на Македонија,** Подрачно одделение – Штип КП 4547
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти од културата, науката и образованието
Тип: 1.1.2.8.1 Архив
Архивот е изграден во втората половина на 20 век.
Функција: научна

За културното наследство заштитено врз основа на закон (ех леге) не се изготвува елаборат за ревалоризација, ниту категоризација. Движното културно наследство со кое управуваат овие јавни установи се значајно културно наследство.

6.3. Категоризација

Категоризација, според Законот за заштита на културното наследство, е определување на степенот на значење на културното наследство во јавен интерес, во функција на пропишување соодветен режим на заштита, утврдување на приоритетите во заштитата, разграничување на надлежностите и примена на ратификуваните меѓународни договори.

Законот за заштита на културното наследство утврдува две основни категории на културното наследство според неговото значење односно **културно наследство од особено значење** (поткатегории: **исклучително** и **големо значење**) и од друго културно и историско значење (**значајно културно наследство**).

Културно наследство од исклучително значење може да биде секое добро кое има највисоко национални значење и универзални вредности за човештвото и неговата историја, култура, уметност, наука или технички прогрес, односно кое претставува единствено уметничко остварување, исклучително редок примерок или најкарактеристичен пример за одреден вид творештво од периодот од кој потекнува, карактеристичен пример за

стиловите во уметноста, архитектурата, конструкциите, облиците на традиционални населби или урбанистички концепции, кое извршило или врши значително влијание врз развојот на културата, уметноста, науката, техниката или општествениот развој и кое е поврзано или претставува сведоштво за идеи, верувања, значајни настани или истакнати личности што имале пресудно значење во преобразбата на општеството.

Културно наследство од големо значење може да биде секое добро кое има големо значење за националната историја, култура, уметност, наука или технички развој односно кое претставува сведоштво од поширок интерес за проучување на општествените појави, кое се истакнува со својата изворност, репрезентативност во својот вид, разновидност на содржините, облик, изглед, функција, зачуваност или друга типичност, а поради повторување (застапеност во поголем број) не спаѓа во категоријата културно наследство од исклучително значење или во кое се содржани делови односно детали или други вредносни елементи од големо културно и историско значење и кое е поврзано со значајни настани и истакнати личности од националната историја и култура. Статус на културно наследство од големо значење има и задолжителниот примерок утврден со закон, без оглед на неговиот вид и дали е предаден на надлежната установа.

Значајно културно наследство е дел од културното наследство што како трајна вредност не спаѓа во категоријата културно наследство од особено значење. Статус на значајно културно наследство имаат и:

- како споменици и зградите чија главна и ефективна намена е чување или изложување на движното културно наследство, како и посебните скривници определени за сместување на движното културно наследство во случај на вооружен судир;
- како споменички целини и центрите во кои се наоѓаат значаен број на споменици и движно културно наследство, како и посебните скривници за сместување на движното културно наследство во случај на вооружен судир;
- сите предмети со кои управуваат јавните установи за заштита на движното културно наследство (музеи, библиотеки, кинотека), а кои се запишани во инвентарната книга, имаат статус на значајно културно наследство односно заштитени се по сила на законот (ец леге);

Во графичкиот прилог: ***Лист 07*** - **Категоризација според значење**, прикажани се заштитени недвижни добра за кои со ревалоризацијата беше оценето дека треба да останат под заштита и незаштитени недвижни добра за кои со валоризацијата беше оценето дека треба да добијат статус на културно наследство и споменици ех леге.

Урбан реон - Центар

Заштитено подрачје- **Безистен**
Споменик -,,Безистен,, -Штип
Значајно културно наследство
(Решение за прогласување на значајно културно Уп.бр.18-64 од 17. 03. 2014 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство-Скопје)

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Никола,,**
Споменик- црква ,,Св. Никола,, Штип
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за проучување на сакрална архитектура од 19 век

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Михаил,, (Фитијата)**
Споменик- црква ,,Св.. Архангел Михаил,, (Фитијата)
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за проучување на сакрална архитектура од 14 век

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Главатов,,**
Споменик- црква ,,Св. Архангел Главатов,,
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за проучување на сакрална архитектура од 14 век

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Јован,,**
Споменик- црква ,,Св. Јован,,
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за проучување на сакрална архитектура од 14 век

Заштитено подрачје- **Саат кула**
Споменик- Саат Кула
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за проучување на профана архитектура од 16 век. Првобитно изградена како кула со станбено-одбрамбена функција. Подоцна адаптирана о Саат кула.

Заштитено подрачје- **Археолошки локалитет Исар**
Спомениčка целина- археолошки локалитет Исар
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Средновековен град од период на 10-14 век. Кулите и ѕидините се дел од фортификацијата на градот.

Заштитено подрачје - **Спомениčка целина објекти на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41 и 45**
Спомениčка целина- објекти на ул.,,Гоце Делчев,,
значајно културно наследство.
(Решение за прогласување на значајно културно наследство Уп.бр. 18-217 од 18. 07. 2012 година донесено од Управата за заштита на културното наследство - Скопје)

Заштитено подрачје- **Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 3**
Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 3
значајно културно наследство.
(Решение бр. Уп.бр.18-219 од 03.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство - Скопје)
Заштитено подрачје-**Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 7**
Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 7
значајно културно наследство
(Решение бр. Уп.бр.18-218 од 03.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство - Скопје)

Заштитено подрачје **- Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 55 и 57,**
Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 55 и 57
значајно културно наследство
(Решение бр. Уп.бр.18-216 од 27.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство - Скопје)

Заштитено подрачје - **Објект - Митрополија на Брегалничка епархија**
Споменик- Митрополија на Брегалничка епархија
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од втора половина на 19 век

Заштитено подрачје - **Магаза**
Споменик- Магаза
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на трговијата во градот во 19 век

Заштитено подрачје - **Административна зграда -банка**
Споменик- Административна зграда-банка
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за економскиот развој во Штип во прва половина на 19 век

Заштитено подрачје - **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бб,**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. бб
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.18**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 18
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Кузман Јосифовски,,бб**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Кузман Јосифовски,, бб
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,,бр.68**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр. 68
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век
Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.62,**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр. 62
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.20**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 20
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8, и Ул.,,Маршал Тито,, бр.2**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8 и ул.,,Маршал Тито,, бр. 2
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на браќа Арсови (Љупчо и Тошо) на ул.,,Маршал Тито,, бб**
Споменик- Индувидуален станбен објект на браќа арсови на ул.,,Маршал Тито,, бб
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прќев на ул.,,Вера Циривири,, бр.15**
Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прке на ул.,,Вера Циривири,, бр. 15
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за историјата на градот Штип за време на НОВ.

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр.40 (Гарни)**

Споменик- Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр. 40
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профаната архитектура во 19 век

Урбан реон- Центар , четврт 02

Заштитено подрачје- **Кучук Емир султанов мост**
Споменик- Кучук Емир султанов мост
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за инфраструктурен развој на градот во 17 век

Урбан реон- Југ , четврт 01

Заштитено подрачје- **Хуса Мединпашина џамија**
Споменик- Хуса Мединпашина џамија
Значајно културно наследство
(Решение за прогласување на значајно културно Уп.бр.18-155 од 15.05. 2014 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство - Скопје)

Заштитено подрачје- **Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,,бб**
Споменик- Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,, бб
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на наука и образование во градот во 18 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр.11**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Љубен Иванов,, бр. 11
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура на 19 век

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр.15**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 15
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура на 19 век

Урбан реон- Југ , четврт 04

Заштитено подрачје- **Ново Село-Штип-градителска целина**
Споменичка целина - Ново Село - градителска целина
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на градските јадра од 19 век

Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци
Споменик- Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на сакралната архитектура на 19 век

Црква ,,Св. Спас,,
Споменик- Црква ,,Св. Спас,,
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на сакралната архитектура и фрескоживописот во 14 век

Во состав на градителската целина Ново Село се наоѓаат следните заштитени недвижни добра

- Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 8
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.8
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 12
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.12
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Никола Карев,, бр.2
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Никола Карев,, бр 2
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 67
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.67
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36
Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михајло Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за историски настани од НОВ.

- Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село , 1894-1896 година на ул.,,Димитар Влахов,,бб

Споменик- Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село, на ул.,,Димитар Влахов,, бб
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за развој на профана архитектура од 19 век

Урбан реон- Југ , четврт 05

Заштитено подрачје **-Црква ,,Св. Троица,, (Чепреганова)**
Споменик- црква ,,Св. Троица,,
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за сакрална архитектура од прва половина на 20 век.

Заштитено подрачје- **Еврејски гробишта** (ревалоризирано)
Споменик- Еврејски гробишта
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за историјата и културата на овој крај
Урбан реон-Исток , четврт 02

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски на ул.,,Славчо Стојменски,, бр. 29**
Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за историски настани од НОВ

Урбан реон- Центар

Во Урбаниот реон-Центар со валоризација е оценето дека има едно недвижно добро кое треба да добие статус на културно наследство и за истото се предлага:
Заштитено подрачје-**Каменик мост**
Споменик-Каменик мост
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за архитектурата и инфраструктурата во градот во 20 век

Заштитено подрачје-**Споменик на слободата**
Споменик-Споменик на слободата
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за проучување на архитектурата и модерното уметничко обликување на меморијалните споменици во втора половина на 20 век.

Урбан реон- Југ четврт 01

Заштитено подрачје **-Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 2 и 4**
Споменик-Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 2 и 4
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профаната архитектура на 20 век

Заштитено подрачје- **Старо радио Штип,**
Споменик-Старо радио Штип
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за културниот развој на градот

Урбан реон- Југ четврт 04
Во состав на градителската целина Ново Село се наоѓаат следните незаштитени недвижни добра, а кои заслужуваат да бидат заштитени.

Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83
Споменик-Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49
Споменик-Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4
Споменик-Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4
Споменик-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6
Споменик- Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22
Споменик-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24
Споменик-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век.
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20
Споменик- Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74
Споменик- Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за профана архитектура од 19 век

Урбан реон- Север
Заштитено подрачје- **Железничка станица**,
Споменик- Железничка станица
Предлог: значајно културно наследство
Образложение: Сведоштво за инфраструктура на градот во прва половина на 20 век

6.4. Режим на заштита

Режимот на заштита, како однос на општеството кон културното наследство, ги регулира условите и начинот под кои се остварува заштитата, уредувањето и користењето на наследството.

Според Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство, режимот на заштита се обработува за добрата опфатени со валоризацијата, ревалоризацијата и категоризацијата.

Режимот на заштита се определува според видот и категоријата односно заштитниот статус на добрата, како и според потребите и можностите на заедницата.

Режимот на заштита се определува за заштитеното подрачје во целина, без оглед на големината на самото добро и неговите контактни зони.

Определувањето на режимот на заштита се состои во разработка на режимот на заштита утврден со актот за заштита.

Во случајот со културното наследство во границите на опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи, актите за заштита не содржат никаков режим на заштита, поради што истиот во основите се разработува со предлози. Заштитените добра: Безистен, Хуса Медин пашина џамија, објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 3, објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 7 објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 55и 57, споменичка целина на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41 и 45, Еврејски гробишта, имаат решим на заштита со изготвените Елаборати за ревалоризација.

Разработката на режимот на заштита се состои од утврдување на:

1. Општ режим на заштита;
2. Зони на заштита;
3. Степени на заштита.

6.4.1 Општ режим на заштита на културното наследство

Заради остварување на основните цели на заштита на културното наследство во подрачјето на опфатот на ГУП на град Штип 2014-2024 и овие Заштитно-конзерваторски основи содржат општ режим на заштита.

Основни цели на заштитата на културното наследство се: зачувување на културното наследство во изворна состојба; создавање на што поповолни услови за опстанок на културното наследство; ширење на сознанијата за вредноста и значењето на културното наследство; оспособување на културното наследство за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, верските, економските, туристичките и други потреби на граѓаните и општеството.

Оперативна цел на заштитата на културното наследство е преземање на активности за спречување на дејствија, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување, уништување, растурање, исчезнување, деградирање и противправно присвојување на културното наследство.

Крајна цел на заштитата е пренесување на културното наследство на идните генерации, како трајна потврда на историскиот континуитет.

Културното наследство треба да се третира како економско добро (колку што може да се види од основите нема баш некои такви насоки иако теоретски така би требало да биде), во преден план е потенцирано неговото балансирано користење во следните главни насоки: туризам, домување, специфични занимања и едукација.

Општ режим на заштита на културното наследство во границите на град Штип

Во идното планирање и повеќестепено оформување на обликот на градот и историските целини треба да постои хармонија на старите и новите елементи и одделни објекти, што ќе го одредува квалитетот на просторната композиција на локално ниво и целиот град. Во овој контекст се зборува за централното градско подрачје каде се расположени културни добра од староградска, градска архитектура, сакрални обејкти и друг тип на објекти. Овие објекти се од период на втора половина на 19 век и прва половина на 20 век.

Карактеристично за наведените објекти е тоа што тие припаѓаат на два различни архитектонски периоди, отоманска и класична архитектура. Во основа градот Штип е познат и по различностите во архитектонското делување, што ќе рече на мал простор се испреплетени двете култури. Затоа во идното планирање се укажува на потреба од зачувување на истите.

Третман на недвижното културното наследство со цел обезбедување плански услови за негова заштита, остварување на неговата културна функција, просторна интеграција и активно користење и вклучување во современите текови на животот како фактор на одржлив општествен развој. Во овој контекст зборуваме за одржувањето, санацијата, конзервацијата, реконструкцијата на културните добра, најповеќе во градителската целина Ново Село, што не значи дека другите објекти од втора половина на 19 век во централното градско подрачје би биле занемарени.

Планирањето, во зависност од степенот на концентрацијата на културните добра и нивните конкретни повеќезначајни општествени, урбани, архитектонски и други особености, како и од нивото и темпото на економскиот и урбан развој на град Штип треба да бидат со особен сензибилитет и во модерни услови успешено зачувување на изворните форми и потреби. Не секогаш успешно биле решени овие две компоненти, зачувување и прифаќање на современите текови. Таков е примерот, што за жал од 20-те години на 20 век до денес е континуирано девастиран како исклучително интересен простор за живеење.Се зборува за еден од најстарите делови на градот, маалото Стар Конак, за кој има докази дека претставувал дел од стариот град Астибо, бидејќи се пронајдени повеќе археолошки наоди. Тоа се должи на јужна ориентација, близината на р. Брегалница и на запад Исарот.

Сообраќајната поврзаност на централниот и поширокиот градски простор се постигнува со три главни паралелни градски сообраќајници: ул.,,Маршал Тито,, која поминува во ул.,,Димитар Влахов,, во правец исток-запад, и се поврзува со магистралниот пат кон Струмица, потоа ул.,,Генерал М. Апостолски,, во ист правец, но од другата страна на р. Отиња и ул.,,Ванчо Прке,, од која се надоврзува ул.,,Гоце Делчев,, во правец исток-север и се поврзува со магистралниот пат кон Скопје.

Планот е усогласен со најновата законска регулатива како што е: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот

содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15).

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

При изработка на ГУП Штип 2014-2024 најважни цели при изработката на Планот беа:

- формирање на идентитетот на Градот како целина и на поедини делови,
- ефикасна организација на елементите во просторот, во функција на потребите на граѓаните.
- ефикасна организација на сообраќајот,
- заштита на животната средина,
- Активирање на деловите од градот во кои досега не е спроведуван досегашниот ГУП на Град Штип 1999,
- подигање на квалитет на урбаната инфраструктура,особено во недоволно урбанизираните делови,

а во склад со одредбите на ГУП на Град Штип, позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и постојната состојба.

2.1 ПОСЕБНИ ПРОЕКЦИИ ОД ОБЛАСТИТЕ

2.1.1 СОЦИО-ПРОСТОРНИ И СОЦИОЛОШКИ ПЕРСПЕКТИВИ НА РАЗВОЈОТ НА ШТИП

Населението е основен влезен параметар при изработката на секој Генерален урбанистички план.

За да се добие податок за бројот на население на крајот од планскиот период направена е анализа на податоците од Државниот завод за статистика во последните 10 години и тие се:

Според податоците порастот на населението по 2005 година и трендот на пораст до граница на планскиот период е прикажан на следниот графикон





Со интерполација со трендлинија за наредните десет години се доаѓа до бројка од околу 49400 жители на крајот на овој период. Меѓутоа ова се бројки кои во предвид го земаат само природниот прираст на населението во Градот Штип. Во градот Штип егзистира и Универзитет Гоце Делчев со приближно 8000 студенти . Голем дел од нив не се од Штип но поголем дел од годината го минуваат во градот . Исто така може да се очекува и развој и експанзија на универзитетот со што и бројот на студенти ќе се наголеми.

Земајќи ги во обзир овие факти вкупниот број на жители на крајот од овој плански период е проценет на **58427** жители кои се земени како појдовна основа за пресметките.

Урбанистичкиот план мора да ги идентификува и вклопи во стартегијата за решавање пред се преку санација, ревитализација или целосно отстранување на оние делови од градот кои опасно го загрозуваат здравјето на луѓето.Тоа особено се однесува во сферата на подобрување на станбените услови.

Приоритет при изградбата на Градот треба да добијат оние делови кои се најзапоставени во досегашниот развој, на кои им недостига по некој важен елемент на урбана комунална инфраструктура или социјална опрема.

Системот на управување мора да обезбеди претпоставки за работа и квалитетен живот. Несомнено, под тоа се мисли на ефикасен транспорт, здрава животна средина, нормално снабдување и десетици други потреби и активности и погодности кои го формираат добриот живот во Градот, а во кој влегуваат и културните потреби, уреденоста на средината, елементи кои не признаваат вештачки создадени граници, виртуелни меги, во рамките на една неделива целина.

Управувањето со Градот претставува развивање на менаџмент кој обезбедува сигурни резулати а во себе вклучува:

- маркетинг;
- операционален менаџмент;
- информационен менаџмент;
- финансиски менаџмент;
- менаџмент со човекови ресурси;

Во суштина концептот за одржлив град претставува интегрален пристап во планирањето и управувањето, со нагласена тенденција на развој на локалната демократија, на граганинот како субјект на реализација на планот.

Центарот на Градот претставува единствено место каде неговите жители може да почувствуваат некое доживување, место богато со содржини каде историјата и културата на еден народ се збиени во нивното најсуштинско значење низ најразлични симболички форми и кои одредуваат дел од сликата на еден народ.

Штип е град со низок степен на етничка измешаност на населението каде н е е проблем како да се одржи нивото на толеранција каде луѓето делат еден заеднички простор. За да биде еден град, здрав, здрав за живот на неговите граѓани секако дека треба многу труд, знаење, организација, пожртвуваност, волја, политичка волја. Планот мора да обезбеди гаранција дека тоа што треба да се прави се прави во интерес на мнозинството и долгорочно. Одржливоста на интервенцијата во просторот мора да биде јасно поставена, долгорочно насочена и во интерес на мнозинството. Градот, од субјектите на неговата изградба, најчесто се доживува како механички збир на мноштво неповрзани делови, а не органска целина која би требало да функционира како сложена просторно-физичка и социјална средина. ГУП е идеална прилика многу недоследности од развојот да се вратат на вистинскиот пат.

2.2 СИСТЕМ НА ЦЕНТРИ НА ГРАД ШТИП

Просторниот и комерцијалниот развој на Центрите, зависи од потребата, а пак таа директно се врзува со конзументот и неговиот социолошки аспект, менталитетот, навиките на луѓето итн... Ако зборуваме за метода на проекција на концептот за развој на Центрите сигурно дека зборуваме за оригинални решенија кои потекнуваат од ова поднебје, одговараат на менталитетот, навиките и потребите на овие луѓе. Но,

голем придонес во просторниот и комерцијален развој можат да имаат и туѓуте искуства, позитивните светски искуства третирани како идеја, инспирација која ќе поттикнува решенија соодветни за спецификите на нашето поднебје. До таквите резултати методолошки може да се стигне секако преку социолошки студии и истражувања за потребите на луѓето, преку просторни анализи и истражувања на просторните капацитети за намена на Центри, и преку согледување на светски искуства применливи на нашето тло и прифатливи за нашите граѓани. Во теоретска смисла уште еднаш треба да бидат подвлечени принципите на проекција на концептот за просторен и комерцијален развој на Центрите, а тоа се: функција, безбедност, естетика, поврзување и придружни културни содржини.

Имајќи ја во предвид систематизацијата на просторните единици во град Штип има еден главен центар, два центри во населбите „Сењак", „Баби" и планираниот центар во населбата за идно домување „Пребег". Во центрите се сконцентрирани поголем дел од комерцијалните, деловни и јавни објекти во реонот околу центарот.

Воедно, во оваа прилика треба да се спомене и тоа дека мислењето на граѓанинот може и треба да биде релевантно во формирањето и креирањето на Центрите. Преку анкети, јавни промоции, презентации треба статистички да се извлече оцената на граѓанинот на посточките Центри, преку детални прашалници кои аспекти ги задоволуваат нивните потреби, а кои аспекти не ги задволуваат. Само така, земајќи го предвид судот и мислењето на жителите кои веќе ги ползуваат Центрите може да се стигне до повисоки резултати кои ќе го унапредат развојот на Центрите. Впрочем, граѓанинот како краен корисник на јавниот простор и Центрите треба да се чувствува добро и да го сака јавниот простор. Ваквиот принцип не само што дава резултати во однос на севкупниот клавитет на јавниот простор туку тој на некој начин го доближува граѓанинот до јавниот простор и до градските власти кои со овој гест даваат до знаење дека им е значајно мислењето на жителите. Така со една постапка се добиваат повеќе придобивки: мислење за јавниот простор, комуникација на градските власти со граѓаните, но и можност од ваквото истражување да се создаде културен настан, ивент кој ќе ги привлече жителите.

Проекцијата на комерцијални структури и просторната организација на комерцијалните активности во центрите, се состои во почитувањето на параметри за проектирање на јавен простор од отворен и затворен тип. Основна функција при обмислувањето на јавниот простор е тој да обезбеди услови за негова јавна употреба и да обезбеди доволно простор за сите учесници: станарите и посетителите. Овозможување комфорни места за седење во јавниот простор. (клупи, надѕидоци, подвижни столици, отворени скалишта и сл.). Овие простори за седење треба да се направени на тој начин што ја стимулираат употребата на јавниот простор и истите треба да се видливи со цел да ги поканат оние што го познаваат веќе овој простор

но посебно за оние кои што за прв пат се запознаваат со дадениот јавен отворен простор.

Центарот треба да обезбеди услови за одржување и развој на социјалните активности на учесниците во отворениот урбан простор (играње на колективни игри), сончева заштита на отворениот простор и неговите елементи и адекватно осветлување во ноќните часови на разгледуваниот простор.

Присуство на „landmark" и репери во јавниот простор претставуваат јадро со силна карактеристика за привлекувањето на посетителите како и присуство на мобилни и ефемерни ресторани и киосци, од трговски-угостителски и друг јавен карактер. Секоја полова, национална и старосна струкура на население треба да биде комфорна при употребата на овој простор.

Лесното пронаоѓање на влезовите и главните пристапи преку поставување на директни патеки во определен јавен простор е од исклучително значење во формирањето на квалитетна урбана површина. Поставување на соодветна сигнализација која ги објаснува на јасен начин сите потребни информации за намената на градбите од јавниот простор и овозможуваат добра ориентација на новите корисници. Исто така, новите корисници на разгледуваниот простор на лесен начин би се ориентирале во него и на лесен начин би ги осознале градските содржини.

Директна поврзаност на пешачките патеки со организираните јавни површини. Местата за снабдување на локалите од угостителско-трговски и друг јавен карактер, треба да бидат соодветно означени и да не претставуваат пречка во пешачката комуникација. Местопложбата на јавните паркиралишта за автомобили како и станиците на јавниот превоз, треба да бидат јасно одбележани и јасно видливи за корисниците на заедничкиот простор. Безбедноста на сите учесници во јавниот живот при поврзувањето на заедничките содржини и јавниот превоз играат важна улога во развојот и одржувањето на урбаните простор.

2.3 ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Оценката на туристичките потенцијали на Штип треба да се базира на валоризациските карактеристики на просторот. Врз основа на овие карактеристики и содржински елементи може да се определи користењето на просторот за туристичка намена. Најважни критериуми во оваа смисла се следниве:

- положба и простапност на просторните елементи погодни за туристички развој
- атрактивност;

- коплементарност на просторните содржински елементи за формирање интегрална туристичка понуда;
- инфраструктурна приспособливост;
- постојно ниво на изграденост на просторот и
- интегративност на туристичките потенцијали и животната средина.

Положбата и пристапноста на елементите на просторот претставуваат критериум кој е од круцијална важност за определување на содржинските потенцијали за развој на туризмот. Во оваа смисла, како предност треба да се смета отвореноста на Штип кон окружувањето и неговата релативно добра поврзаност. Овде постојат просторни услови за унапредување на поврзаноста и пристапноста до локациите за туристичка намена.

Атрактивноста на потенцијалите за развој на туризмот треба да се оценуваат низ неговите квалитативни валоризациски компоненти какви што се: рекреативност, естетичност, куриозитетност, монументалност и едукативност. Врз основа на вака утврдените својства можат да се определи карактерот на туристичките потенцијали и да се утврдат можните активности во просторот. Утврдените можни активност преставуваат за дефинирање на намената на просторот и диференцијација на туристичките просторни единици.

Како оценка на поволност на туристичките потенцијали треба да се земе и можноста за унапредување на инфраструктуните решенија. Инфраструктурата треба да биде основа на супраструктурален развој и афирмација на туристичките и угостителски потенцијали.

Имајќи ја во предвид систематизацијата на просторните единици во рамките на ГУП на град Штип можеме да ги издвоиме следниве локалитети:

- Бања „Кежовица" - каде има можност за изградба на поголем комплекс со повеќе функции од оваа дејност;
- Штипско Ново Село со црква „Св. Богородица" од XIX век.
- Тврдината „Исар"

Постојното ниво на изграденост може да се искористи за осовременување и подобрување на квалитетот. Меѓутоа, како поволност треба да се искористат не зафатените просторни целини.

Интегративноста на туристичките потенцијали и заштитата и унапредувањето на животната средина претставува основна претпоставка во оценувањето на значењето на овие вредности. Туристичките потенцијали имаат вредност колку што нивното активирање претставува можност за придонес во зачувувањето на автентичната природа на просторот.

2.4 ЈАВНИ ФУНКЦИИ

B1 - образование

Образованието на населението се обавува преку системот на образовните установи училишта (за основно, средно и вишо и високо образование). Од сите наброени степени на образование единствено основното образование, за деца од 6- 18 години и средното образование се задолжителни и бара целосно вклучување на сите ученици, додека пак во останатите степени корисниците се вклучуваат зависно од можностите и желбите. Училишната мрежа за основно образование ја сочинуваат училиштата „Гоце Делчев", „Ванчо Прќе", „Димитар Влахов", „Тошо Арсов", „Славејко Арсов" и Основното Музичко училиште „Сергеј Михајлов" како и три новопланирани основни училишта во населбата Пребег.

Функцијата средно образование во градот Штип се одвива во шест објекти. Гимназија „Славчо Стојменски", Средно медицинско училиште „Јане Сандански", Државно електро машинско училиште „Коле Нехтенин", Средно музичко училиште „Сергеј Михајлов" и Државно средно текстилно училиште „"Димитар Мирасчиев" како и едно новопланирано средно училиште во населбата Пребег.



Просторна диспозиција на објекти од образование

Основни училишта

Планирањето на површини и градби од основно образование се остварува според територијалниот принцип, односно за едно и/или неколку градски подрачја во кои бројот на децата според гравитационото подрачје го оправдува постоењето на основното училиште. Градбите на училиштето се градат како самостојни градби со локација до која е обезбеден сигурен пристап на учениците до училиштето во никој случај непопречен со ообраќајници со висок интензитет. **Основните училишта** треба да се планираат и градат согласно територијалниот принцип, односно за едно или повеќе градски подрачја кои согласно бројот на деца во рамките на популацијата и гравитационото подрачје го оправдува постоењето на основно училиште. Учеството на деца од 7-14 години е 8% од вкупната популација. Локацијата и градбата за основно училиште се планираат согласно следните нормативи: 30 ученици во училна (пожелно 20-25), (25)30-50м2 градежна парцела/ученик, а оптималниот капацитет вообичаено се димензионира за 480-600 ученици. Погодно е сместување на локација која ќе има 20-30% поголема површина заради доградба или промена на педагошките стандарди. Воедно, (максимална дистанца во единица време 15 мин, или 1500 м) Зеленилото во рамките на училишниот двор треба да биде од 6-8 м2/ученик, односно школскиот двор од 3-5 м2/ученик.

Воедно, во рамките на планираните површини за градби од основно образование треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.142/20 и 64/11), Член 61, кој за основно и средно образование 1 паркинг место на секои 100м2 од вкупно изградената површина.

Средно образование

Бројот и видот на средните училишта ќе се утврди согласно општиот принцип на потребна површина според бројот на ученици во задожителното средно образование според територијален принцип и стандардите. Воедно, во рамките на планираните површини за градби од средно образование треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.142/20 и 64/11), Член 61, кој за основно и средно образование 1 паркинг место на секои 100м2 од вкупно изградената површина.

Градењето на **средни училишта** е можно на површини одредени за оваа класа на намена со пропишани просторно-педагошки стандарди.

Во планирањето на површините и локациите светската практика упатува на се поголемо напуштање на крутиот гравитациски модел, по кој досега беа во планирањето

приманувани растојанија од 800 до 1100 м., средна мерка 950m.; зависно од пристапноста и времето потребно да се стигне пеш до средните училишта. Тие се темелат на следните нормативи и критериуми на просторни стандарди за градбата и локацијата: најмалку 20-25 м2/ученик за постојните училишта, и 30-50 м2 за новите училишта, односно 8-10 м2 развиена површина за градбата. Секоја средношколска градба треба да има спортска сала и отворени спортски терени димензионирани по бројот на корисници, а локацијата да има барем минимална просторна резерва за понатамошен развој и ширење.

Високо образование

Организирање на мрежата на градбите за **високо образование и наука** се темели на следните нормативи за димензионирање и лоцирање, и тоа: гравитациониот модел со кој во планирањето се алоцираат градби од овој вид на намена, каде дистанцата на опслужување изнесува 1500 м, **се напушта** во функција на просторен модел со кој се обезбедува добра поврзаност со другите градски функционални делови, кластирање на намената и компатибилните класи на намена.

Воедно, во рамките на планираните површини за градби од високо образование и научни институции треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.142/20 и 64/11), Член 61, кој за градби за високо образование изнесува 1 паркинг место на секои 80м2 од вкупно изградената површина; а за научните институции 1 паркинг место на секои 150м2 од вкупно изградената површина.

2.5 В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Организацијата на здравствените содржини и објекти се дели на примарна секундарна и терциерна здравствена заштита. Дејноста функционира како мрежа на здравствени објекти која почнува од малите здравствени амбуланти, диспанзери, и медицински центар како трерциерна здравствена организација во систем на здравстото.



Просторна диспозиција на објекти од здравсво и социјална заштита

Здравствен дом со површина од 5000м2 се планира во станбен реон од 30000-90000жители. 10 посети годишно по жител во една амбуланта Стандардот кој треба да се достигне е 70м2/болничко легло, а тенденцијата треба да биде 80-100м2/болничко легло.

За станица за брза помош потребни се за корисната површина од градбата од 120м2 на 5000 жители а за површина на парцелата 150м2 на 5000 жители. Воедно, во рамките на планираните површини за градби од високо образование и научни институции треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Член 61, кој за градби за здравствена заштита изнесува 1 паркинг место на секои 60м2 од вкупно изградената површина.

Предучилишното воспитување на децата како дел од социјалните грижи претставува една од темелните функции во градењето и развојот на детската личност. На територијата на градот Штип оваа дејност се одвива во детски установи - градинки. Градинките се градат според бројот на деца во одредена популациона група во рамките на гравитациско подрачје. Гравитационото подрчје според претходните стандарди за овој вид предучилишни институции (1 – 5 години) - изнесува 200 до 300 m. Сегашните дистанци се одредуваат според 10 минути пешачка дистанца пристапна преку пешачки патеки на локацијата до која корисниците треба да поминуваат без да се вкрстуваат со улици до поинтензивен сообраќај, а тоа е 800-1000м, одноно 400-500 м за јасли. Мрежата на градинки се темели на претпоставениот процент на учество од 4% на деца од 1-6 години од вкупниот број на население, како и на очекувањата дека ќе бидат сместени 60% деца од предучилишна возраст.

Локацијата, градежната парцела, и градбата за детска градинка се базира на следните стандарди:

3 $м^2$ затворен простор / дете

15 $м^2$ отворен простор (игралишта, зелени површини) / дете

40 $м^2$ вкупна површина на парцела/дете, односно 35 $м^2$ за поголеми градинки од 100 деца,

најмала површина за секоја првпат планирана парцела е 2000 $м^2$

Центарот за социјална работа, работи врз определбите на програмата за развој на социјалната заштита и законот за социјалната заштита и другите позитивни законски прописи. Динамиката за развојот на социјалната заштита е во непосредна зависност од општествено економскиот развој на општината и интензитетот на социјалните појави и проблеми настанати како последица на општествените движења. Во основа, напорите кои на овој план општеството ги вложува ориентирани се на создавање услови за јакнење на материјалната положба и животниот стандард на корисниците на социјалната заштита.

Согласно **Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита за стари лица** (Сл.Весник на РМ, бр. 50/97, 16/2000, 17/2003 и 65/2004), пропишани се стандарди за простор, опрема и стручни кадри за работа на установите за социјална заштита на стари лица.

Во овие установи се одвива сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно-забавни, работни, рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги зависно од потребите, способностите и барањата на корисникот, се обезбедува за **најмногу 150 корисници по градба.**

Установата треба да е сместена во населено место или во близина на населено место со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, со можност ориентација на градбата Исток - Југ.

Установата треба да располага со слободно земјиште и други отворени простори, хортикултурно дизајнирани и уредени со рекреативни терени и патеки, опремени со клупи, стреи, светилки и друго. Односот на изграденоста на локацијата да биде минимум 1:1,5, доколку не се граничи со јавни отворени простори.

Овие установи редовно ги пратат станбени единици и придружни простории кои можат да бидат проектирани како:

а) Станбени единици за стари лица; и

б) Станбени единици за лица со потреба од помош и нега од друго лице.

Минималната површина за станбените единици изнесува:

еднокреветна соба со бања	15.0м2
двокреветна соба со бања	18.о м2
гарсониера	18.0 м2
апартман за едно лице	27.0 м2
апартман за две лица	27.0 м2

Доколку во станбените единици нема бања, минималната површина изнесува 6 м2 по корисник. За станбените единици на девет лица треба да се обезбеди просторија за лична хигиена и бања со туш кабина или када. Доколку станбените единици се сместени на кат, треба да имаат и заеднички отворени површини (лоѓии, тераси) со минимум 15.0 м2.

Административните простории во социјалните установи треба да бидат со минимална површина од по 6м2 по вработен.

Согласно **Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита, Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци** (Сл. Весник на РМ. бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62.2005 и 111/2005), пропишани се стандардите и нормативите за основање на ваков тип установи. Услугите во овие установи се обезбедуваат преку индивидуална и групна работа, при што, една група треба да има 8-12 корисници, со престој на корисниците од најмалку 2 часа во текот на работниот ден.

Дневниот центар треба да е сместен во населено место или во близина на населено место со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, со можност за користење на обезбеден јавен превоз.

Дневниот центар може да е сместен и во рурална средина, ако се исполнат нормативите и стандардите, согласно Правилникот.

Согласно **Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост (**Сл.Весник на РМ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05) пропишани се стандардите и нормативите за основање на ваков тип установи. Дневниот центар обезбедува дневно згрижување, работно-производна активност, работна терапија, психосоцијална рехабилитација и други активности (реедукација и стекнување вештини за осамостојување и социјализација) на лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и на лицата со потешки пречки во телесниот развој, најмногу за 25 корисници во еден градба, при што една група во зависност од возраста на корисниците треба да има најмногу **12 корисници**. Дневниот центар треба да располага со слободно земјиште, хотрикултурно дизајнирано и уредено, опремено со клупи и маси за двор, а по можност и со обоена лизгалка лесна за качување со широки скали и рачки за држење, како и лулашка со граничник и сугурносен појас.

ВЗ култура

Културата и уметноста функционираат како дејности со забавен и културно воспитен карактер. Вкупна површна за култура изнесува 15610.01 м^2 што претставува 0,08% од вкупната површина на градот.



Просторна диспозиција на објекти од здравсво и социјална заштита

Во градот освен веќе постоечките објекти за култура, предвидени се нови објекти, чии локации ќе се одредат со план од пониско ниво. Штип е град на кој му недостасува кино сала. Освен означените локации во ГУП, кино сали може да бидат испланирани во склоп на трговски центри или други деловни целини чии локации ќе се одредат со план од пониско ниво.

2.5 ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Со Генералниот урбанистички план на град Штип (2014-2024) се планира подигање на нови зелени површини и тоа паркови, реонски паркови, скверови, зеленило долж улиците и реките, цветни алеи, зеленило со ограничено користење, градските и приградски шуми, заштитни шуми и сл.

Така, бројчаните податоци за новопланираните зелени урбани површини внатре во границите на планскиот опфат би биле следни:

Нови урбани зелени површини околу 870ха. (има 505,18ха постојни) Во новиот ГУП треба да се предвидат нови:

- паркови 180ха
- да се обезбеди простор за реонски паркови во површина од 165ха (преку пренамена на одредени простори)
- скверови и скверови паркови околу 20,0ха,
- дрвореди и зелени коридори 260,0ха, од кои само дрвореди и зелени коридори 60,00ха, а останатото е зелен коридиор по крајбрежје на реките повеќе од 200,0ха,
- цветни алеи 5,0ха

односно нови 630ха зеленило. Останите површини околу 240ха ќе ги пополне зеленилото со ограничено користење, а најмногу зеленило врзано за домувањето (постојното блоковското - станбеното зеленило кое со трансформацијата премина од катастарска во градежна парцела, односно од корисник во сопственик, во новиот ГУП полека, делумно преминува во зеленилото со ограничено користење), односно зеленилото во дворовите на заедничките станбени згради, зеленилото во дворовите на семејните куќи, зеленило во состав на административни, управните згради, комерцијални градби и други специјализирани градби, зеленило во состав на индустриски градби и комплекси и шумите.

Во сите четврти покрај постојното зеленило се предвидува подигање на нови дрвореди, зелени поврзувања, мали зелени површини, уредување на пешачките зони, подигање на цветни површини, жардинерии и др.

Постојните шуми ("Мирјанина црква", и "Пребег") добиваат статус на градски шуми, со приоритет на заштитна и рекреативна функција.

Здравствената корист од редовната физичка активност е добро позната. Таа ја унапредува менталната, физичката и социјалната благосостојба кај луѓето и помага во отстранување и заштита од разни болести, инвалидитети и сл.

Без оглед на зголемениот број на граѓани што се бават со рекреација или врвен спорт сметаме дека тоа не е доволно бидејќи податоците од извештаите на светската здравствена организација во однос на европскиот регион недвосмислено говорат за проблемите со физичката неактивност. Две третини од луѓето во европскиот регион на 15 години и постари не се физички активни на препорачаното ниво. Во државите членки на WHO, од европскиот регион, еден од пет жители се малку или не се физички активни, со повисоко ниво на неактивност во источниот регион. Низ цела Европа, само една третина од испитаните деца се вклучени во физичка активност. Ниското учество во здравата физичка активност, суштествено влијае во јавното здравје. Физичката неактивност предизвикува околу 600.000 смртни случаи годишно во Европа. Физичката неактивност го зголемува ризикот на многу хронични болести – вклучувајќи ги кардиоваскуларните заболувања, дијабетес, различни типови рак и т.н. (Edvards, P., Tsouros, A. (2006). Promoting physical activity and active living in urban environments. Tho role of local governments. WHO, Kopenhagen)

Што значи здрав и активен град?

Здрав град е оној град кој има постигнато посебен позитивен здравствен статус. Град кој е свесен за потребите на сопственото население и свесно се труди да ги унапреди. Здрав и активен град кој во континуитет ќе создава услови за унапредување на друштвената околина, но и да им овозможи на граѓаните да бидат активни во секојдневниот живот.

За да го зголемиме бројот на активни лица и да создадеме здрав и активен град, пристапот треба да биде повеќе партнерски, како на пр.

- Јавен сектор

Спорт и рекреација
Здравство
Превоз
Урбанизам
Образование
Законодавство
Туризам

- Приватен сектор

Спонзори
Медиуми

Фитнес клубови и т.н.

Општествена и економска корист од спортот и рекреацијата

Вклучувањето во спортот и рекреацијата може да резултира со менувањето на инфраструктурата, зголемени ресурси, зголемени капацитети, возобновени градби и сл.

Спортот, рекреацијата и спортските површини на кои тие се изведуваат може да биде корисен во смалувањето на криминалот и социјалното однесување

Можностите за пешачење и возење велосипед можат да допринесат за намалување на загадувањето од јавниот превоз

Спортските градби кои можат да се искористат за организација на големи натпреварувања (балкански, европски и светски првенства) можат да бидат важни за развој на политички, економски, општествен и културен начин на живеење и т.н.

Со планот се задржуваат постојните спортски градби и комплекси, со можност за реконструкција и зголемување на техничките и просторните опремености во склад со меѓународните стандарди на поедини категории на спортски градби.

Потребно е да се формира мрежа на спортско-рекреативни градби и центри на општинско и градско ниво кои треба рамномерно да ја покријат територијата на Градот и да овозможат омасовавување на рекреативниот и натпреварувачкиот спорт.

Новите спортски површини и градби, како и детските игралишта, се планираат во склоп на просторот кој е определен за таа намена, како и покрај сите идни детски установи, школски градби, станбени зони, деловни градби предвидени во регулациските планови дадени заедно со услови за уредување на овие простори.

Во првиот плански период развојот на спортско-рекреативните градби треба да се насочи кон реконструкција, обнова, доизградба на постојните капацитети и тоа така да градбите кои имаат предуслови се доведат до стандарди пропишани за меѓународно такмичење, а останатите да се доведат до ниво за квалитетни подготовки, локални натпреварувања и различни спортски и рекеативни активности. Со пренамена на одредени напуштени или неактивни сали од индустријата исто така можат да се добијат простори за спорт и спортски активности. Во исто време треба да се створат и плански предуслови за изградба на нови спортско-рекреативни центри и капитални спортски градби.

Во развиените урбани средини различните типови меѓусебно се поврзани и сочинуваат мрежа на градско зеленило. Покрај овие јавни простори, постојат многу значајни зелени површини, кои се поврзани со живеењето, индустријата, специјализираните центри, општите градски центри, здравствени и образовни центри, спортските градби, сообраќајот и земјоделието. Во единствениот систем на зелени површини во Генералниот урбанистички план на Град Штип влегуваат следните основни категории на зеленило:

- **паркови**
- **сквердови**
- **дрвореди**
- **зелените коридори**
- **заштитно зеленило**
- **шуми (градски, приградски, заштитни, приватни)**
- **посебни зелени комплекси**
- **неуредени земјишта, копови и депонии**

Планирањето на систем на зелени површини во Градот Штип е замислен и организиран и со помош на другите типови на зелени површини кои се наоѓаат во состав на некои основните градски сектори како што е:

зеленило во состав на индивидуално и колективно (заедничко) домување

зеленило во состав на административни, управни згради, комерцијални градби и други специализирани градби

зеленило во состав на индустриски градби и комплекси односно тоа е зеленило со ограничено користење (во сите дворови на градбите односно во простори со ограничено користење)

Паркови

Под поимот парк се подразбираат сите зелени површини изградени во градското ткиво, за градски парк со големина повеќе од 2ха, а за реонски со големина повеќе од 0,5ха и се користат за одмор, шетање, разонода и игра. По основ на големината, стилот и времето на подигањето, односно настанувањето во Штип можат да се издвојат следните типови паркови:

Паркови по течението на реките Отиња и Брегалница подигнати со регулирањето на речното корито

Локација за нови паркови (во кои можат да влезат и тематски паркови) во Штип можат да се обезбедат со пренамена на одредени простори

За реконструкцијата на парковите важат следните услови:

- зачувување на паркот во постојните граници
- отстранување на времените градби
- изградба на нови градби не е дозволена
- реконструкција на паркот во стилот во кој е подигнат.

За подигање на нови паркови важат следните услови:

- законска обврска да биде да за секој парк се изработи партерно и хортикултурно, решение со точно утврдени граници
- зенилото да биде квалитетно, декоративно, репрезентативно, во корелација со функцијата на градбата, примена на автохтони видови и нивни декоративни форми
- да се планира место за поставување на споменици
- да се планира место за водени површини
- содржината во паркот (согласно функцијата) потребно е да обезбеди мирен одмор, разонода, детска игра и мини спортски градби
- содржината на спортските градби треба ги опфати сите групи
- во паркот можат да бидат подигнати угостителски градби со отверени тераси, пратечки градби со спортска содржина, градби во функција на одржување на паркот, градби за култура, мали отворени амфитеатри за културни манифестации, инфраструктурни градби и парковски инвентар
- можна е изградба на мали поединечни јавни или комерцијални градби во комплексите на зеленило врз основа на детални планови, водејќи сметка за големината на зелените површини, микролокацијата, значењето во просторната целина и друго

Во постојните паркови е дозволена:

- санитарна сеча на одредени стебла
- реконструкција на цвеќарници
- нови насади (дополнување)
- реконструкција на градинарско-архитектонските елементи,
- реконструкцја на патеки
- реконструкција на постојни градби
- подигање на нови градинарско-архитектонски елементи
- изградба на фонтани, жардинерии, чешми
- реконструкција и поправка на градби и детски игралишта
- оградување на паркот

- подигање на систем за наводнување
- подигање на потребна инфраструктура во функција на паркот.

Скверови

Под сквер се подразбираат зелените површини кое се наоѓаат во изградено градско ткиво, со големина под 1ха и се користат за пешачки транзит, краткотраен одмор и игра.

Постојат повеќе типови на скверови:

- скверови во административно-деловниот центар на Градот
- сквер пред јавните градби
- сквер во станбени населби
- сквер во склоп на улица

Според типот на озеленување можат да бидат:

- партерен тип (тревници и цвеќарници)
- полуотворени (засадени дел со дрва и жбунови)
- затворени (засадени со високо зеленило)

Локациите за нови скверови треба да се обезбедат во склоп на пешачките зони, на новите сообраќајни решенија, со уредување на неуредени простори од Градот, пренамена на градежен опфат или парцела

- при реконструкција на делови од Градот

При реконструкција на скверовите важат следните услови:

- да се зачува скверот во постојните граници
- да се отклонат времените градби
- да се реконструира скверот во исти стил како бил подигнат
- да се почитуваат пешачките движења

При подигање на нови скверови важат следните услови:

- да се почитуваат пешачките движења
- патеките можат да завземат 35% од територијата на скверот
- изборот на материјалот и композицијата стриктно да се детерминира во проектното решение
- градбите можат да завземат само 5% од територијата на скверот
- на скверот може да биде подигнат угостителски и инфраструктурен објект од општ интерес согласно со закон
- можат да се планираат детски игралишта

- зеленилото треба да биде репрезентативно
- цветните површини можат да земат површина од 2-4%
- можат да се планираат, чешми, фонтани и водени површини
- жардинерии, перголи

Во скверовите е дозволено:

- санитарна сеча на одредени стебла
- реконструкција на цвеќарници
- дополна со нови насади
- реконструкција на градинарско-архитектонските елементи,
- реконструкцја на патеки
- реконструкција на постојни градби
- подигање на нови градинарско-архитектонски елементи
- изградба на фонтани
- реконструкција и поправка на градби и детски игралишта
- оградување на скверот
- подигање на систем за наводнување
- подигање на потребна инфраструктура во функција на скверот

Дрвореди

Под поимот дрвореди се подразбира линиски облик на зеленило, долж сите типови на сообраќајници, во зависност од расположивиот простор изградени и можат да се градат:

- едностранн
- двостранн
- дрвореди во средина на улица и по врста:
- хомогени и
- хетерогени по композиција:
- дрвореди со тревници
- дрвореди со други билни елементи

Постојните дрвореди треба да се задржат со постепена замена на сувите стебла со ист вид на растенија

Секаде каде е можно треба да се прошири мрежата на дрвореди. По новите улици да се предвидат дрвореди.

Кај обновата на дрворедите важат следните услови:

- дрворедите да се обновуваат со видови на дрва кои доминираат во дрворедот
- да се подигаат на профил од улица со ширина од 12м
- садењето да биде со ориентацијата на улицата

- изборот да се прилагоди со висината на зградата
- да се согледа можноста за подигање на дрвореди по едносмерни улици
- да се согледа можната за подигање на дрвореди по пешачки улици
- да се согледа можноста за формирање на дрвореди со тревници
- најмалото растојание између садниците да биде согласно врста на дрвата
- При подигањето на дрвореди во новите населби важат следните услови:
- приоритет да им се даде на повеќередните дрвореди
- најмало растојание меѓу садници е 5м
- да се предвидат садници школувани за дрворед
- да се води сметка на постојна изведена инфраструктура
  Дозволени се следните работи:
- санитарна сеча на одредени стебла
- отклонување на стебло заради општ интерес согласно закон
- садење на нови стебла
- стандардна нега на стеблата
- поставување на потребна инсталација за наводнување

Зелени коридори

Под зелен коридор се подразбира поширока трака од зеленило кое во системот на зелени површини треба да обезбеди поврзување на зелените површини.

Овие коридори можат да имаат и пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби. Тие можат да имаат и спортски градби, или парковски површини и друго.

Зелените коридори можат да се постават долж реките (крајречно зеленило), долж улици и сл. При реконструкција на овие површини важат следните услови:

- зачување на зелените коридори во постојните граници
- да се отклонат времените градби
- да се почитуваат правците на пешачкото движење и движењето на велосипедите

При подигањето на зелените коридори важат следните услови:

- кај повеќенамскотоо користење на зелениот коридор изборот на садниците да биде прилагоден на примарната намена

Во новите зелени коридори дозволени се следните работи:

- садење
- провлекување на пешачки и велосипедски патеки
- подигање на пратечки градби
- (место за одмор, угостителски градби, надстрешници и др) до 5% од површината на коридорот,
- Изградба на спортски градби
- подигање на паркови
- поставување на потребна инсталација за наводнување и осветлување

Заштитно зеленило

Заштитното зеленило се поставува како заштита од ветер, подземни води, свлечилишта, терени подложни на ерозија, заштита од бука, а најмногу за заштита од стопански и индстриски комплекси кои шират непријатни мириси, прав, пепел, бучава, и сл.

Зеленило со ограничено користење

Под поимот зеленило со ограничено користење се подразбираат сите зелени површини изградени во градското ткиво, односно тоа е зеленило во состав на индивидуално и колективно (заедничко) домување, зеленило во состав на административни, управни згради, комерцијални градби и други специализирани градби и зеленило во состав на индустриски градби и комплекси.

Промента на општествениот систем го смени владеењето на правото на користење на земјиштето во право на сопственост, што доведе до формирање на градежни парцели со точно утврден сопственик. Ова многу битно влијае и ќе влијае врз зеленилото кое до скоро беше заедничка сопственост и носеше назив блоковско (станбено) зеленило, а сега дел преминува во зеленило со ограничено користење и во парковско зеленило, посебно во реонски паркови. Со ова се променети и условите за подигање на зеленилото во овие простори кои сега место корисник имаат сопственик.

Она зеленило кое сеуште се води како станбено (блоковско) зеленило и е под надлежност на ЈП "Исар", полека преминува во приватна сопственост.

Заради тоа битно е да големите површини под ова зеленило се задржат и понатаму преминат во парковски површини.

Неуредени земјишта, копови, депонии

Под неуредено зеленило во Генералниот урбанистички план се подразбираат напуштени површински копови, напуштени депонии, напуштени земјишта и сл. Вакви површини има на дел од територијата на Град Штип, така да овие земјишта во Генералниот урбанистички план треба да бидат пренаменети во парковски и заштитни зеленила.

Дефинирање на зелени просторни Целини

Урбаните зелени површини имаат социјални, планерски, економски и еколошки функции. Во корист на функциите на зелените површини, важно е да се обезбеди доволно квалитетен и кванитетен зелен простор во рамките на урбаниот простор.

Просторната застапеност на зелените површини во претходниот ГУП беа планирани на 17,1% од вкупниот плански опфат, или ??м2/жител, а резултатите покажаа дека во границите на планскиот опфат има реално околу 6,0% зеленило, што покажува дека постојните зелени површини не прават придонес за урбаниот живот, а тоа пред се должи на непропорционална дистрибуција низ Градот.

Согласно истражувања направени на светско ниво се очекува да 65% од светската популации во 2025год, да живее во градовите. Природните екосистеми се заменуваат со урбани системи и урбан развој. Природната средина е експлоатирана за поддршка на економскиот раст. Сепак зелените површини се дел од природата и играат клучна улога во подобрувањето на квалитетот на животната средина и одржливоста на градовите.

Придобивките од урбаните зелени површини можат да се групираат во четри класи согласно функциите:

- социјални
- плански
- економски
- еколошки

Многуте истражувања наведуваат да факторите како што се: големина, облик, достапност, разновидност, историја и дистрибуција на зелените површини во Градот имаат одлучувачка улога во дефинирањето на функциите дизајн и менаџмент.

Податокот за тоа колку зелени површини има во Град Штип може да се добие само од ЈП "Исар", така да оваа бројка е ориентациона. Недостасуваат податоци за зелените површини со ограничено користење и за приватните зелени простори и дворови и покрај тоа што нивната застапеност може да биде доста голема.

Во град Штип нема интензивен раст на населението, па така во 2024год. не се очекува видно да се зголеми бројот на население. Моментално територијата на Град Штип која ја опфаќа овој ГУП е 2.292ха (плански опфат – документација). Населението со попис од 2002год. е 42000 жители, Со ГУП Штип на крај од планскиот период се очекува бројка од **58427 жители** така да густината би била околу 25 ж/ха.

Зелените простори имаат за цел обезбедување естетски квалитет и неформални активности на отворено како што се кровните градини, тераси и балкони. Тоа подразбира физички пасивни и активни рекреативни активности како на пример седење, читање и работа во градина.

Отворените зелени простори во соседството ги вклучува градините во дворовите-домашните градини, игралиштата за деца, мали спортски активности, кои простори обезбедуваат одмор, игра, дружење.

Отворените зелени површини во населба ги вклучува спортските терени и станбеното зеленило кое со трансформацијата од корисник во сопственик поголемиот дел од истите препарачуваме да премине дел во реонска парковска површина. Овие простори се користат за социјални, културни, физички и воспитно-образовни активности. Вакви површини треба да има повеќе во соседство.

Отворените зелени простори во Градот ги сочинуваат и дворовите на административните, управните згради, комерцијалните градби и други специализирани градби. Тука спаѓа и градскиот парк, реонскиот парк, излетничките места, речните брегови, специјализираните простори за спорт и рекреација кои треба да создадат културни и природни подрачја.

Значи големината на активните зелени површини во урбаните средини мора да се дефинира со норми и стандарди.

Без стандарди и нормативи отворените зелените просторни целини не можат да се дефинираат. Тие можат да се групираат во повеќе класи.

На ниво на град	**На ниво на населба (маало) до 5.000жители**	**До 15.000 жители**	**Над 15.000 жители**	**Над 50.000 жители**	**Над 100.000 жители**
	детски игралишта	спорт и рекреација 4м^2/жител реонски парк	градски парк	скверови, дрвореди, зелени коридори и	

Друг фактор кој влијае на животната средина, а има важна улога во донесувањето на ГУП е растојанието меѓу зелените површини. Растојанието од 300-400м се смета како праг на кој корисните фрекфенции почнуваат да се намалуваат. Во следната табела е дадено просечно растојание изразено во потребно време, одејќи пешки до урбаните зелени површини.

Дистанца и потребно време до зелените површини

	Игралишта и детски	**Спорт и помали**	
пешачка дистанца	400м	800м	1.200м
потребно време за одење			

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

3.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

инструмент за просторна дистрибуција на планските услови од Генералниот урбанистички план во планерските просторни единици со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.

3) Графичките делови од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се изработени во размер 1 : 10 000.

Член 5

1) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на просторот за секоја урбана четврт, а за секој плански опфат на деталните урбанистички планови се дадени границите.

2) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните плански услови кои ги дефинираат посебните услови за планирање, развој и користење на просторот како што се:

- граници на урбаните четврти и граници на плански опфат на деталните урбанистички планови,
- граници на зони за наменска употреба на земјиштето,
- наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со системот на класи на намени,
- локации за сингуларни намени за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес како и обврзни површини од јавен интерес прикажани со пиктограми,
- регулациски линии на примарната сообраќајна мрежа,
- површини за јавна употреба од значење за Градот,
- елементи за просторно разместување и димензионирање на водовите и градбите од примарните мрежи на сите градски инфраструктури: водоводни, канализациски, електрични, топловодни, телекомуникациски и други.

3) Во текстуалниот и нумеричкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинираат:

- површините на урбанистичките единици на градежно земјиште - четврт,

- површините на наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со процентуална застапеност, односно површината на наменската зона изразена во хектари,

- степенот на уреденост на градежното земјиште на подрачјето и капацитетот и режимот на понатамошното уредување,

- специфичниот режим на планирање, градење и употреба на земјиштето во зоните за наменска употреба на земјиштето,

4.2. Граница на планскиот опфат

Член 6

1) Граница на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е линиски симбол во графичкиот дел на планот со кој се уредува подрачјето на кое урбанистичкиот план е на сила.

2) Граница на планскиот опфат е затворена линија што го опкружува

подрачјето на кое се протега правното дејство на Генералниот урбанистичкиот план.

3) Подрачјето на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план кое

е опкружено со границата на планскиот опфат се здобива со статус на градежно земјиште, чијашто намена и начин на уредување, градење и користење се утврдени со урбанистичкиот план.

Член 7

1) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е рационална, економична, правилна линија на опкружување со колку што е можно помала должина.

2) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија што се совпаѓа или ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.).

3) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија која нема да ја намалува вредноста на земјиштето што го дели или да ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Член 8

1) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Штип е плански услов кој се уредува во Генералниот урбанистички план на Град Штип на графички и текстуален начин.

2) Графичкото обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е испрекината црвена линија со дебелина од 2мм.

3) Електронското обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е со нумеричко одредување според геодетските оски x и y, на сите прекршни точки на математичката линија на границата.

4)) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Штип е предадена и на текстуален начин со ориентационен опис на нејзината траекторија според виканите места, називите на сообраќајниците, бројот на градежните парцели во прекршните точки без викано име и страните на светот.

Член 9

Правното дејство на границата на планскиот опфат стапува на сила со донесувањето на Генералниот урбанистички план.

4.3. Граници на единиците на градежно земјиште

Член 10

1) Во Генералниот урбанистички план се одредени границите на територијалните единици за планирање, и тоа:

- граници на подрачјата на урбаните единици - четврти

Член 11

1) Границите на урбана единица - четврт по правило се совпаѓаат со регулациските линии од примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат и со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени.

2) Граници на Блокови се совпаѓаат со осовините на примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др.).

3) Граници на планските опфати на деталните урбанистички планови се совпаѓаат со осовините на примарната или секундарна сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со граници на наменски зони и линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др.).

3) Граница на плански опфат на детален урбанистички план во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите

услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

4) Граница на урбана единица - четврт во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината сина линија со дебелина од 1,0 мм.

5) Граница на Блок во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината портокалова линија со дебелина од 1,0 мм.

6) Граница на Детален урбанистички план во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

Член 12

1) Границите на урбаните единици - четврти во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се предаваат со алфа - нумеричко обележување.

4.4. Регулациска линија

Член 13

1) Регулациска линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

2) Регулацискатa линија претставува линија на разграничување помеѓу носителите на правото на градење, при што кај земјиштето за општа употреба правото за градење секогаш и припаѓа на општествената заедница (општина, град, држава), додека кај парцелираното земјиште правото за градење можат да го имаат сите физички и правни лица од републиката и од странство кои ќе ги исполнат законските услови за тоа.

Член 14

1) Регулацискатa линија во Генералниот урбанистички план е дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот. По вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега правната дефиниција на разграничувањето, и тоа над и под котата на теренот колку што е одредено со планот.

2) Со регулацискатa линија во Генералниот урбанистички план се обележани коридорите на примарната сообраќајна мрежа на улици и

површини за јавна употреба од градско значење кејови - реки, плоштади, плоштадки и други.

3) Регулацискатa линија во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план е обележана со полна зелена линија со дебелина од 1,0 мм.

4) Регулациските линии во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план се предаваат во електронска форма векторски одредени, со нумеричко одредување на сите прекршни точки на регулацискатa линија според геодетските оски x и y , значи со прецизност и во форма во која може директно да се спроведуваат.

4.5. Наменски зони и граници на наменските зони

Член 15

1) Намената на земјиштето во Генералниот урбанистички план се уредува на ниво на наменска зона во рамките на секоја четврт.

2) Наменска зона е ограничена површина на градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Член 16

1) Границата на наменска зона е линија која го опкружува подрачјето на наменската зона и во Генералниот урбанистички план се обележува со полна црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

2) Границите на наменските зони можат но не мораат да се совпаѓаат со другите граници на територијалните единици за планирање, но мораат да се совпаѓаат со регулациските линии во Генералниот урбанистички план.

Член 17

Уредувањето на намената на земјиштето во Генералниот урбанистички план се врши со системот на класи на намени според членовите 24 - 33 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16)

Член 18

1) Во формирањето на четвртите како единици на градежно земјиште, системот на класи на намени се употребува на следните начини:

1. Кога една намена или класа на намени е единствената и исклучива компонента во четвртта.

2. Кога една намена или класа на намени е доминантна компонента во четвртта, а другите намени се со процентуална застапеност.

3. Кога четвртта не е хомогена од аспект на историодност на намената или класата на намени, туку се формира од повеќе различни намени, класи на намени или групи на класи на намени. Овие четврти се со мешана намена на земјиштето и се формираат со хомогенизација врз

основа на начинот на мешање на повеќе компатибилни намени на ист простор - што станува основна карактеристика и именител на зоната на мешана намена.

4. Кога различни намени, класи на намени или групи на класи на намени се утврдени во посебни наменски зони во четвртта.Во плансклата документација од пониско ниво, некомпатибилните намени обврзно да се издвојат со тампон зони.

2) Означувањето на наменските зони во Генералниот урбанистички план овозможува нивно недвосмислено спроведување, па во графичките прилози План на намена на земјиштето, Синтезен план и Посебните услови за спроведување на планот, комплетната ознака на наменската зона содржи компонента на означување: 1. Ознаката на класата на намени

Член 19

Во Генералниот урбанистички план се предвидуваат зони со сингуларна намена или локации на градби од јавен интерес, во оние случаи кои произлегуваат првенствено од потребата да се заштити стандардот на специфични форми на домување, поради специфични технолошки барања, барања поврзани со заштитата на животната средина или кога станува збор за локации за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Член 20

Утврдувањето на степенот на превладување на една класа на намени во една наменска зона, во Генералниот урбанистички план е непосредно поврзано со карактеристиките на секоја конкретна зона односно со нејзината припадност на секаја конкретна урбанистичка единица на градежно земјиште на просторот.

Член 21

Одредувањето на наменски зони со мешани намени без превладувачка намена, како планска одредба во Генералниот урбанистички план, се користи само во случаи кога со тоа ефикасно се интензивира искористувањето на градежното земјиште како необновлив ресурс, значи во централноградски подрачја или во слични ситуации кога тоа овозможува рационално користење на градското земјиште, енергијата, инфраструктурата, како и за остварување на барањата поврзани со заштитата на животната средина.

Член 22

1) Генералниот урбанистички план го утврдува оптималното учеството на компатибилните намени и класи на намени во мешаните наменските зони, во рамките на процентуално учество во максимален однос од 60/40. Компатибилноста на намените се утврдува на ниво на една градежна парцела во планска документација од пониско ниво согласно правилнички нормираните минимални и максимални вредности на нивното процентуално учество

2) Оценувајќи ги конкретните услови за секоја зона поединечно, во Генералниот урбанистички план се утврдува колку од списокот на можни компатибилни намени ќе бидат дозволени да коегзистираат или да се мешаат во рамките на една мешана наменска зона и колкав ке биде процентот на учество на секоја намена. Ова е специфицирано за секоја четврт поединечно, во форма на плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои се поместена во посебните услови за спроведување на планот.

Член 23

1) Нормираните табели за компатибилни намени и нивно максимално процентуално учество во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање се општа нормативна рамка во која се поместени максималните вредности кои смеат да се достигнат во екстремни случаи.

2) Во Генералниот урбанистички план според императивното програмско барање се одбегнуваат правилнички нормираните максимуми, кои се наменети за целата територија на РМ, а се одредуваат минималните, оптималните односно плаузибилните вредности на урбанистичките параметри за секоја конкретна наменска зона поединечно во рамките на секоја четврт.

3) Генералниот урбанистички план ги утврдува намената на површините и елементите на наменска дефиниција за секој конкретен случај односно за секоја конкретна локација и за секоја наменска зона, во зависност од степенот на уреденост на градските делови, нивната локација во Градот и основниот карактер на просторот.

4.6. Поделба на планскиот опфат на единици на градежно земјиште и просторна дистрибуција на планските услови

Член 24

1) Методолошки императив на урбанистичко планирање е просторната дистрибуција на планските услови на Генералниот урбанистички план да бидат според територијалните единици на градежно земјиште кои се утврдени во планот, а според кои понатаму ќе се врши еднозначно артикулирана и контролабилна реализација и спроведување на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Генералниот урбанистички план во процесот на деталното урбанистичко планирање.

2) Поделбата на урбанистичките единици на градежно земјиште се врши на графички начин во Генералниот урбанистички план.

Член 25

1) Генералниот урбанистички план ги утврдува критериумите за одредување и формирање на урбанистичките единици на градежно земјиште.

2) Клучен елемент во утврдувањето на единиците на градежно земјиште

за планирање претставува нивната диспозиција, диспозицијата на примарната сообраќајна мрежа и природата и степенот на нивната намена и оформеност.

Член 26

1) Во рамките на утврдените урбанистички единици на градежно земјиште Генералниот урбанистички план треба да ги утврди:

- деловите кои имаат различен степен на уреденост на градежното

земјиште како основа за дефинирање на основната природа на идните зафати,

- граничните состојби за кои се потребни специфични мерки (заштитни или стимулативни) во деталните урбанистички планови,

- општите и посебните услови за планирање, развој, градење и урбана опременост.

2) Секое урбанистичко подрачје има различен степен на оформеност, дистинктивност и програмска дефиниција, при што Генералниот урбанистички план со плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите треба да го утврди различниот степен на изграденост, наменската дефиниција на зоните и приоритетите во реализацијата на планските определби, како и степенот на деталноста на општите и посебните услови за планирање и спроведување на планот.

Член 27

1) Во Генералниот урбанистички план за Град Штип 2014 – 24 се формираат следните единици на градежно земјиште:

- урбани четврти
- Поделба по блокови
- плански опфати на деталните урбанистички планови

2) Просторната дистрибуција на сите плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Генералниот урбанистички план се врши врз основа на поделбата на територијата на Градот (планскиот опфат на Генералниот урбанистички план) на просторните единици од став 1 од овој член, кои служат како урбанистички единици на градежно земјиште.

3) Просторната распределба на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Генералниот урбанистички план според подрачјата на урбаните четврти е единствена методолошка гаранција

која обезбедува ефикасно и контролирано спроведување на Генералниот урбанистички план.

4) Спроведувањето на Генералниот урбанистички план по пат на изработување и донесување на детални урбанистички планови е можно само со совпаѓање на просторните единици за планирање на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со планските опфати на деталните урбанистички планови за четврти со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.

4.7. Просторна дистрибуција и дефинирање на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Генералниот урбанистички план

Член 28

Генералниот урбанистички план и деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува, дефинирањето на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и нивната просторна дистрибуција во планската документација на Генералниот урбанистички план се врши со потполно дефинирање на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и нивна просторна дистрибуција до нивото на урбана четврт.

Член 29

Заради ригидноста на системот на урбанистичко планирање во кој не постои неопходното усложнување на системот за решавање на различните видови на проблеми во рамки на планскиот опфат, поради не постоење на неоходната диверзификација на видовите на детални планови за разрешување на ситуации од различен вид на сложеност, како и заради преголемата разлика на размерите на Генералниот урбанистички план на Град Штип и на деталните урбанистички планови со кои тој се спроведува, за да се обезбеди квалитетно спроведување на планот и контрола на просторниот развој на Градот, неопходно е воспоставувањето на систем на континуирано планирање на Генералниот урбанистички план во процесот на неговото спроведување.

Член 30

Системот на континуирано планирање низ разработување на Генералниот урбанистички план во консекутивна постапка во процесот на неговото спроведување треба да се одвива на две независни нивоа, во рамки на постапки кои се во оригинерна надлежност на Градот Штип. Тоа се:

1) Обезбедување на планирање преку непрекинато детализирање на планот со координиран процес на изменување и дополнување на приоритетни групи на територијални единици на градежно земјиште.

2) Обезбедување на податоци за состојбите во просторот кои ќе бидат агрегирани според воспоставената шема на територијални единици на градежно земјиште, и континуирана и дифузна активност за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати.

4.8. Билансни показатели

Член 31

Вредностите на процентуалната застапеност на површини според наменската употреба на земјиштето во планот се пресметувани со апроксимација од 5%, најмногу поради системот на макролоцирање на одредени намени или класи на намени за јавни функции со пиктограми, додека за апроксимацијата помеѓу сите други класи на намени во четвртите изнесува до 3% заради уточнување со реалната состојба, што на Генералниот урбанистички план му ја дава неопходната флексибилност во процесот на спроведување.

4.9. Сообраќајни инфраструктури

Член 32

За сообраќајниците за кои има сознанија или во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат сознанија и податоци за состојбите во просторот кои ќе укажат на потребата и можноста за нивно специфично реализирање под или над нивото на теренот или за зголемување и намалување на активната сообраќајна површина, што повлекува и нивно консеквентно редефинирање во регулацискиот и сообраќајниот план, ќе се спроведуваат континуирани и консекутивни постапки за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати. При дефинирањето на изведбените решенија обврзно да бидат вклучени надлежните служби.

Во такви случаеви треба да се изработат подетални сообраќајни анализи и проекции на идните потреби и да се изготви соодветна планско проектна документација со потребни прилози и елаборати за предвидената инфраструктура и нејзиното влијание врз животната средина, економијата, сообраќајот и урбанизмот, а врз основа на претходна Физибилити студија со примена на анализи трошоци- добивки.

Член 33

Прецизната просторна диспозиција на поедините техничко-технолошки елементи на линиите на јавен превоз на патници ќе се решава согласно сообраќајно- техничката и друга документација за сообраќајниот систем во град Штип.

Член 34

Уточнувањето на регулациските линии на крстосниците од примарната сообраќајна мрежа, ќе се изврши врз основа на сообраќајна студија и усвоена, односно одобрена проектна документација за истите.

Член 35

Долж примарната сообраќајна мрежа во планската документација од пониско ниво, се дозволува по целата должина на сообраќајниците да се планираат **линиски центри** со намена А, односно Б, односно В, или големини кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припаѓаат.

Линиските центри треба да претставуваат логична целина со длабочина во четвртта до 30м., од обете страни на сообраќајниот коридор со можни тремови кои можат да се протегаат до границата на регулационата линија.

4.10. Спроведување на Генералниот урбанистички план

Член 36

1) Суштинска карактеристика на системот на урбанистичкото планирање, кој произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), е двостепеноста на системот на урбанистичкото планирање на градовите.

2) Оваа двостепеност се остварува со генерални и детални урбанистички планови, при што во генералните урбанистички планови се одредуваат зоните на намената на земјиштето и функционалната организација на просторот, примарните инфраструктурални мрежи и основните услови за изградба, додека деталните планови служат за разработка и спроведување на генералните урбанистички планови.

3) Врската помеѓу генералните и деталните планови, како и облигациите за нивната хиерархиска усогласеност во Законот е нормирана во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/1664/18 и 168/18) во кој е утврдено дека деталниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план.

4) Ова основно својство на системот на просторно и урбанистичко планирање - хиерархиската структура на системот на просторни и урбанистички планови, при што плановите од пониско ниво мора да се во согласност со плановите од повисоките нивои.

5) Заради законската облигација деталните урбанистички планови да мораат да се усогласени со генералниот урбанистички план, сите детални урбанистички планови кои се донесени до денот на усвојување на ГУП Штип 2014 -2024, како акти за спроведување на Генералниот урбанистичи план, кој веќе не е на сила, мораат да претрпат усогласување со новиот Генерален урбанистички план, со што ќе можат да се применуваат односно да станат акти за спроведување на новиот Генерален урбанистички план.

6) Во периодот од донесувањето на Генералниот урбанистички план за град Штип 2014-2024 до усогласувањето на деталните урбанистички планови кои ги донесува општината Штип, деталните урбанистички планови кои се на сила можат да се применуваат само и исклучиво во оние делови од планскиот опфат кои се во согласност со Генералниот урбанистички план на град Штип 2014-2024, односно не се спротивни ниту на една негова одредба.

4.11. Наменски зони со мешани класи на намени

Член 37

1) Нормираните табели за компатибилни намени и нивно максимално процентуално учество во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање се општа нормативна рамка во која се поместени максималните вредности кои смеат да се достигнат во екстремни случаи.

2) Во Генералниот урбанистички план според императивното програмско барање се одбегнуваат правилнички нормираните максимуми, кои се наменети за целата територија на РСМ, а се одредуваат минималните, оптималните односно плаузибилните вредности на урбанистичките параметри за секоја конкретна наменска зона поединечно.

2) Генералниот урбанистички план ги утврдува намената на површините и елементите на наменска дефиниција за секој конкретен случај односно за секоја конкретна локација и за секоја наменска зона, во зависност од степенот на уреденост на градските делови, нивната локација во градот и основниот карактер на просторот.

3) Утврдените вредности на процентуалното учество на класи на намени во наменските зони со мешана намена во процесот на спроведување на планот и негово разработување со детални урбанистички планови, мораат да се третираат како идеално процентуално учество, односно рамномерно и еднакво на целото подрачје од територијалната единица на градежно земјиште на просторот. Не се дозволува концентрација на дозволениот процент на еден дел од подрачјето и нерамномерна просторна дистрибуција на дозволената површина со компатибилна намена.

4) Одредувањето на оптималните односно плаузибилните вредности на процентите на учество на класи на намени во наменските зони и урбанистичките параметри, во Генералниот урбанистички план се уредува до нивото на урбаните четврти.

5) Специфичните плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за секој поединечен плански опфат на детален урбанистички план, заради успешно, квалитетно и ажурно спроведување на Генералниот урбанистички план, ќе се детализираат на ниво на четврт.

4.12. ПЛАНСКИ ОПФАТ

Член 38

Границата на планскиот опфат Штип вкупно е долга 30573,98м[1] и формира површина од 2292,1287 ха.(22921287,047м[2]).

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 8, 9 и 10

од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18). Границата на опфатот е дефинирана според логични разделници, дефинирани во член 8 од Правилникот.

Границата е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки,

означени со редни броеви од 1 до 636

4.13. ПОДЕЛБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Член 39

Во планскиот опфат утврдени се 6 (шест) Урбани единици - четврти.

Основната намена на земјиштето во планскиот опфат е дефинирана во графичкиот прилог Број 01 и во Член 6 од овие Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите планирање.

4.14. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Член 40

Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина при издавање урбанистички параметри, како и при изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво со конкретните класи на мнамени на земјиштето, кои припаѓаат на четврт утврдена со овој План, согласно Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.М. број 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 142/10).

Член 41

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање урбанистички параметри, како и при изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво која припаѓа во четврт а е предмет на овој План, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08 и 142/10) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05).

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање урбанистички параметри, кои произлегуваат од Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 05/03 и 58/06).

Член 42

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство - Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07).

Во текот на реализација на овој План преку изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

Одредбите од член 65 се однесуваат за зоните без заштита, додека за заштитените подрачја важат одредбите пропишани од заштитно конзерваторските основи, и тоа за археолошкиот локалитет „Исар" се предвидува археолошко истражување, а за другите заштитени добра одредбите ќе бидат попрецизно дефинирани во режимот на заштита при изработка на заштитно конзерваторски основи за урбанистички планови од пониско ниво.

4.15. НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО – ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ

Член 43

Со ова планска документација се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16):

1. **Јавни институции (група класи на намени – В)**
2. **Домување (група класи на намени – А)**
3. **Комерцијални и деловни намени (група класи на намени – Б),**
4. **Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори (група класи на намени – Д)**
5. **Производсво дистрибуција и сервиси (група на класи на намена – Г)**
6. **Инфраструктура (група класи на намени - Е)**

4.16. ПОВРШИНИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

Член 46

Со планот се утврдуваат шест Урбани единици - четврти(6).

Површините за планирање да се дефинираат за секоја четврт поединечно, утврдена со овој План, а во рамките на просторот дефиниран со грегулациските линии.

Од аспект што Планот е изработен во електронска форма на ориентирани геодетски подлоги и истиот доставен до надлежното министерство, на CD, во векторска форма, Регулациските линии, кои ја

означуваат Границата на секоја четврт поединечно, со овој План не се котираат. При спроведување на Планот нивните прекршни точки, како нумерички податоци, се отчитуваат, од овластена геодетска фирма, дигитално, со вредности за Y и X.

4.17. ВИСИНА НА ГРАДБИТЕ ВО ЧЕТВРТ

Член 47

Висината на градбите да се утврди во урбанистичка документација од пониско ниво, обврзно земајќи ги предвид следните ограничувачки фактори:

- Да се почитува јавниот интерес преку прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето;
- Да се почитува јавниот интерес преку квалитетни композициски урбанистички решенија со посебна анализа на силуетите на градбите долж улиците;
- Да се почитува јавниот интерес преку овозможување проветрување –аерација на градскиот простор;
- За градбите со намена домување во семејни куќи да се почитува соседското право, односно да не се намалува вредноста на земјиштето и вредноста на градбата на соседот, да се овозможи правото на осончување на градбата на соседот во зимскиот период најмалку еден час, да не се одзема правото на видик на соседот за градбите на коси терени (да не се попречува видикот), да се овозможи аерација на соседскиот простор;
- Правото на надградба подразбира зголемена висина за уште 1,6м од дозволената висина во деталниот урбанистички план, како и излегување на конструкцијата со проектираните димензии надвор од утврдената градежна линија.За планираните надградби да се предвиди рамномерна и правична распределеност на бројот на нивои во секоја четврт;
- Висините да бидат рамномерно нивелирани и усогласени при оформувањето на венците, без особени отстапувања за да не се нарушат силуетите на уличните фронтови.
- Висините на градбите зависат и од режимот на заштита на заштитените добра и од режимот на заштита на заштитените подрачја.

Висините да се утврдат и врз основа на условеноста со плански утврдената максимална густината на населеност за секоја Четврт.

4.18. ПАРКИРАЊЕ

Член 48

Бројот на паркинг местата се утврдува на ниво на планска документација од пониско ниво, соодветно на планираните површини со дефинирана намена на земјиштето со овој План, а според стандардите и нормативите за секоја дефинирана намена на земјиштето. Паркирањето може да биде сместено подземно или надземно, при што надземната површина наменета за паркирање влегува во вкупната изградена површина.

4.19. УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Член 49

За обезбедување услови за движење на лица со посебни потреби важат истите одредби од), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16)

4.20. УСЛОВИ ЗА УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО И ОЗЕЛЕНЕТОСТ

Член 50

Во урбанистичките услови, покрај другите, се вградуваат и следните услови за оформување на пејсажот во рамките на четврт:

- Долж примарната сообраќајна мрежа да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници на листопадни дрва со височина до 6м, кои се карактеристични за локалитетот и опкружувањето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи формирање засенчен коридор за пријатно движење во летниот период (функционално заленило). • Просторот околу градбите и комплексот на градби во четврт, хортикултурно да се уреди согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на истата/иот.

- Зелените површини да се уредат врз основа издадени услови за градба, произлезени од утврдена урбанистичка документација од пониско ниво, која покрај другите фази обврзно ќе ја содржи фазата Хортикултура.

Да се почитува Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18).

4.21. ДРУГИ ОПШТИ УСЛОВИ

Член 51

Во дефинирање на урбанистичките параметри во четврт се пропишува и следното:

- *да се применат асеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;*
- *да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;*
- *да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбите;*

4.22. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ВО СЕКОЈА ЧЕТВРТ

Член 52

Основа за изработка урбанистичка документација од пониско ниво за секоја четврт поединечно(со повеќе наменски употреби на земјиштето), утврдена во овој План, се Посебните услови за секоја четврт кои произлегуваат од истата во табеларен приказ со урбанистички параметри како нумерички показатели кои се Прилог кон Планската документација на крајот од истата.

4.23. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА СООБРАЌАЈОТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА-СООБРАЌАЈНИОТ СИСТЕМ

Член 53

Покрај влезно-излезните правци кон Радовиш, Кочани и Велес, во делови наменети за Г- Производство дистрибуција исервиси и Мешана намена треба да се изградат паркинзи за товарни возила, автобуси и приклучни возила. Местоположбата на овие паркиралишта треба да се определи со планска документација од пониско ниво, но во рамките на комплексот наменет за сервиси и мало стопанство во кој е предвидена.

Овие паркинзи треба да се користат и како станици за технички прегледи на моторни возила, терминални површини и др.

Член 54

Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје преку изготвување на планска документација од пониско ниво.

Член 55

Паркираните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.

Член 56

Јавно паркирано или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на

локалната самоуправа. Јавните паркирани и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини.

Член 57

Сите останати паркирани и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници, и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

Член 58

Градбата на нови јавни паркинзи и гаражи треба да се врши според планска документација од пониско ниво и тоа првенствено во централното градско подрачје и неговата непосредна околина околина.

Член 59

Определување на простори за паркирање и запирање на возила се врши со проекти за сообраќај во постапка утврдена со закон, според критериумите дефинирани со планерските карактеристики и проектните услови и елементи на уличната мрежа, како и според стандардите и нормативите од областа на сообраќајот.

Член 60

Во подрачјето на Градот, утврдувањето на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила, се врши со сообраќајни проекти за утврдување на условите и режимот на сообраќајот, во постапка утврдена со закон, а во согласност со планерските критериуми и проектните услови и елементи за градски улични мрежи.

Член 61

Начинот на вкрстосување на улиците од примарната сообраќајна мрежа во Градот Штип е дефиниран според утврдената категоризација, како и усвоените функционални нивоа.

Член 62

Кај крстосниците за кои во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат потребните сознанија и податоци може да се изврши измена на нивниот тип врз база на изготвена сообраќајна студија.

Член 63

Вкупната регулациска ширина на сообраќајниците не смее да се стеснува, како и ширината на коловозните ленти под пропишаниот минимум, додека ширините на останатите површини помеѓу регулационите линии по потреба може да се менуваат во согласност со важечките стандарди и нормативи, а врз база на изработена сообраќајна студија. Конкретизација на попречните профили на улиците од примарната улична мрежа ќе се изврши во рамките на регулациските линии

на инфраструктурните коридори, со изработка на потребната проектна документација.

Член 64

Урбанистичките параметри за изградба на уличната мрежа да се според потребите на наменската употреба на земјиштето, а согласно стандарди и нормативи.

Во изготвувањето на планска документација од пониско ниво во условите за градба да се предвидат елементи на урбана опрема во функција на пешачките движења и лицата со посебни потреби.

Член 65

Координатите на пресечните точки на осовините, како и нивелетските точки со висински податоци се дадени со прецизност која одговара на подлоги во мерка 1:10 000. Наклоните на нивелетите се дадени помеѓу две пресечни точки.

При спроведувањето во планска документација од пониско ниво или при изработката на потребната проектна документација можни се отстапувања кои кои не треба да ги надминат дозволените толеранции за подлоги во мерка 1:10 000.

Во планска документација од пониско ниво или потребната проектна документација да се изврши висинско планирање на теренот, согласно Нивелманскиот план за уличната мрежа, како и да се дефинираат апсолутните висински коти на приземјата за секоја површина за градба во наменската употреба на земјиштето поединечно.

Член 66

Во планска документација од пониско ниво, долж примарната сообраќајна мрежа и долж сервисните улици може да се утврдат градежни парцели за бензински пумпи

Член 67

Максималниот надолжен наклон за новопланираните сообраќајници треба да биде во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Максималниот наклон на новопланираните по исклучок може да се надмине на постојната улична мрежа , каде истиот може да биде поголем од дозволениот заради конфигурацијата на теренот. На постојните улици за постојните градби во планска документација од пониско ниво да се овозможи пристап до истите.

4.24. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Член 74

Водоснабдителната норма за Градот за период до 2024 год изнесува 400 литри/ден/жител. Од оваа водоснабдителна норма се обезбедува вода за населението и стопанството и за лесната индустрија која во технолошкиот процес мора да користи санитарна вода.

Член 76

При изработката на планската документација од пониско ниво да се предвиди одделна водоснабдителната инфраструктура за санитарна вода и инфраструктура за поливање на зеленилото и миење на улиците.

Член 77

Реализцијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите да се одвива паралелено со изградбата на мрежите за водоснабдување и за поливање на зеленилото.

Член 78

Водата за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини да се обезбедува од бунари или површински воводтеци.

Член 79

Локациите на бунарите за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини ќе се одредат во рамките на планската документација од пониско ниво, а врз основа на проектна документација на ниво на основен проект со кој ќе бидат дефинирани капацитетот и типот на бунарот.

Член 80

Трасата на планираната примарна водоснабдителната мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 81

Градбата на новата примарна водоснабдителната мрежа ќе се утврди врз основа на проект за инфраструктура.

Член 82

Одводнителната норма за период до 2024 год. изнесува 90% од водоснабдителната норма.

Член 83

Интензитет на дождови од 110 л/сек/ха со појава еднаш во две години и времетраење од 20 минути, е меродавна вредност за димензионирање на атмосферската канализација во Градот Штип.

Член 84

При изработката на планска документација од пониско ниво да се предвиди сепарциска канализациска мрежа.

Член 85

Реализацијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите, да се одвива паралелно со изградбата на примарната и секундарната канализациска инфраструктура.

Член 86

Трасата на планираната примарна фекална и атмосферска канализациска мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 87

Градбата на новата примарна канализациска мрежа ќе се утврди врз основа на проект за инфраструктура.

Член 88

Локацијата за локална пречистителна станица да се определи со планска документација од пониско ниво надвор од границите на Генералниот урбанистички план.

Член 89

При изработката на планската документација од пониско ниво да се обезбеди заштитен појас на регулираните порои со цел да се овозможи нивно непречено функционирање и одржување.

Член 90

На пороите на кои не се изведени регулациски работи, заштитниот појас ќе биде дефиниран врз основа на проектна документација на ниво на основен проект со кој ќе бидат дефинирани карактеристиките на речното корито;

4.25. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРА И СУПРАСТРУКТУРА

Член 91

Со овој план треба да се обезбедат услови за доследно остварување на целите низ планските услови на планската документација на пониско ниво, чијашто основна цел треба да биде подигнување на нивото на уреденост на јавниот простор, елиминирање на дисфункционалните просторни солуции и дискрепанции помеѓу подрачјата со различен степен на уреденост и наголемување на степенот на урбаност на градскиот простор, како и обнова и дооформувањето на постојната територија на Градот или на неговото ширење во околниот простор, треба да обезбедат унапредување на степенот на урбанистичко уредување, на стопанисувањето со градскиот простор и на вкупната репродукција на Градот.

Член 92

Во планската документација од пониско ниво треба се обноват и дооформат веќе зафатените меморијални простори - гробишта, со:

- примена на современите стандарди при планирање и димензионирање на локациите за уредување на простори со оваа намена;

- утврдување на површини за проширување на постојните локации и нивно етапно и целосно ставање во функција на основната намена; дооформување на постојните гробишта со изградба на инфраструктура и придружни градби;

- обезбедување на максимални стандарди и услови за новопланираните локации од аспект на сообраќаен и друг вид на инфраструктура како и друг вид еколошки, здравствено-санитарни, амбиентални и хидро-геолошки решенија кои ќе ги задоволат потребите за наредниот период од 100 години.

Член 93

Планските определби треба да се насочат преку планската документација од пониско ниво кон дефинирање на стратешки цели / сценарија за идниот развој на Градот, а кои треба да се реализираат во Генералниот урбанистички план како основни програмски цели од комуналните дејности од областа на цврст отпад – депонии (управувањето со неопасниот отпад / комунален, градежен шут, индустриски и инертен со отстранување и депонирање) со:

- обезбедување на оптимално функционирање на базичната инфраструктура за интегрирано управување со комуналниот отпад и другите видови неопасен отпад;

- трајно елиминирање на дивите депонии и рекултивација на исчистениот простор;

- утврдување просторна шема и капацитети со локации за селективно собирање заради рециклирање, домашно компостирање и централизирано компостирање:

Член 94

Планските определби во управувањето со отпадот во планската документација од пониско ниво треба да се насочат кон справување со проблемите и постигнување на континуирани подобрувања во интегрираниот пристап кој го обезбедуваат многуте учесници во процесот: јавноста, стопантвото, надлежните органи на сите нивоа,согласно законската регулатива за системот за управување со отпадот и одстранување со депонирање.

4.26. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОСНАБДИТЕЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 95

Планирањето на новите надземни градби во електроенергетската инфраструктура треба да биде според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 96

Изборот на точната локација за новите трафостаници ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 97

Трасите на планираните примарни електроенергетски водови треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 98

Градбата на новите преносни и дистрибутивни мрежи (примарни водови) ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 99

Градбата и реконструкцијата на преносната и дистрибутивна мрежа треба да се изврши такашто во целост треба да се почитува: "Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроеенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV".

Член 100

Во проектите за инфраструктура, инфраструктурните коридори за поставување на надземните и подземни електроводови, треба да бидат со следниве димензии:

При разработката во плановите од пониско ниво заделжително да се почитуваат одредбите за заштитни растојанија дефинирани во Службен весник на РМ, бр. 191 од 17.9.2019 година посебно во членот 138 и тоа:

Заштитен појас

